Дон МекКури

# Отскочни камења до вечноста

## Исус од Куранот до Библијата

Дон МекКури

ОТСКОЧНИ КАМЕЊА ДО ВЕЧНОСТА (Исус од Куранот до Библијата)

Издадено на македонски јазик од Центар за едукација, тренинг, писменост, евангелизација и подготовка за утрешниот свет ГЕДЕОН Прилеп, авторски права © 2022

Тираж: 600 примероци

Превод од англиски: Кристина Ковачевска

Лектура: Мариетка Петровска

Уредник: Емилија Златкова-Анастасова

За издавачот: Тефик Мусоски

Корица: Христијан Анастасов

Преведено од англиски: Stepping Stones

to Eternity (Jesus from the Quran to the

Bible) by Don McCurry

Се задржуваат сите права. Оваа книга не смее да се репродуцира или пренесува во било која форма или на било кој начин, електронски или механички, вклучувајќи фотокопирање, снимање или зачувување на било каков систем за складирање и пребарување на информации (освен за кратки цитати во рецензии на книги) без писмена дозвола од авторот/издавачот

# Отскочни Камења до Вечноста

## Исус од Куранот до Библијата

Дон МекКури

## СОДРЖИНА:

ВОВЕД ........................................................................................ 7

Структура и намена ............................................................................ 7

Содржината и основите ..................................................... 11

Интегритетот на Библијата и куранската потврда ............. 12

Историска и правна одбрана на Писмото .......................... 15

Исус во Куранот ................................................................. 18

Клучни зборови и термини ................................................ 21

Почеток ................................................................................ 22

ИСУСОВИТЕ ФАЗИ ОД ЖИВОТОТ НА ЗЕМЈАТА ................... 23

ДЕВСТВЕНОТО РАЃАЊЕ НА ИСУС ВО КУРАНОТ И БИБЛИЈАТА ................................................................................................. 25

СУС И СВЕТИОТ ДУХ .......................................................... 29

ИСУСОВАТА СМРТ .............................................................. 34

ИСУСОВАТА ЖРТВА ............................................................ 39

ИСУСОВОТО ВОЗНЕСЕНИЕ .................................................. 42

ИСУСОВА ЧЕСТ ВО ОВОЈ И ИДНИОТ СВЕТ ........................... 47

ИСУСОВОТО ВРАЌАЊЕ ........................................................ 51

ЧУДАТА НА ИСУС ................................................................ 57

ИСУС НАПРАВИ СЛЕПИТЕ ДА ПРОГЛЕДААТ ........................ 59

ИСУС ИСЦЕЛИТЕЛОТ ........................................................... 63

ИСУС ГИ ИСЦЕЛУВА МРТВИТЕ ............................................ 68

ИСУСОВИТЕ УЛОГИ НА ЗЕМЈАТА ........................................ 71

ИСУС КАКО ПРОРОК ........................................................... 73

ИСУС КАКО ЗНАК ЗА СВЕТОТ ............................................... 78

ИСУС КАКО СВЕДОК ........................................................... 82

ИСУС КАКО ГЛАСНИК ......................................................... 87

ИСУС КАКО ОТКРОВЕНИЕ (КНИГАТА) .................................. 92

ИСУСОВАТА ТРПЕЗА ОД НЕБЕСАТА ..................................... 97

ИСУС КАКО БОЖЈИ СЛУГА ................................................ 101

ИСУС КАКО ПРИМЕР ....................................................... 106

ИСУС КАКО СЛИЧЕН НА АДАМ ......................................... 110

ИСУС КАКО МЕСИЈА ........................................................ 115

ИСУСОВИТЕ УЛОГИ ВО ВЕЧНОСТА .................................... 121

ИСУС КАКО СОЗДАТЕЛ .................................................... 123

ИСУС КАКО НАЈБЛИЗОК ДО БОГ ...................................... 128

ИСУС КАКО БОЖЈО СЛОВО ............................................... 132

ИСУС КАКО МИЛОСТ ОД БОГ ........................................... 137

ИСУС КАКО ПРАВЕДНИК .................................................. 142

ЗАВРШЕН ЗБОР .............................................................. 147

БИБЛИОГРАФСКИ РЕФЕРЕНЦИ ......................................... 149

РЕФЕРЕНЦИ ОД КУРАНОТ ................................................ 151

БИБЛИСКИ РЕФЕРЕНЦИ .................................................. 155

# ВОВЕД

## Структура и намена

Секој од нас е повикан да го доведе својот муслимански пријател во контакт со Божјиот Збор, за да може Светиот Дух да го употреби да ја зборува вистината со сила во животот на таа личност која го чита и слуша Божјиот Збор. *Отскочни камења до вечноста* е дизајнирана токму за оваа намена.

Првично, секој од овие *Отскочни камења* се составуваше еднаш месечно во период од три години. Секој од нив имаше за цел да постои самостојно како катализатор за привлекување на муслиманите кон Библијата за да стапат во интеракција со Божјиот Збор – оној Збор кој е „жив и делотворен; поостар од секој меч со две острици, кој навлегува до разделување на душата и духот, зглобовите и мозокот; и ги суди мислите и намерите на срцето“ (Евреите 4:12).

Оваа книга не е конструирана како прогресивен, односно процес чекор по чекор за употреба на куранските изјави за Исус Христос за да се придобијат муслиманите. Наместо тоа, таа е повеќе конструирана како збир на поединечни алатки кои се споени во една цела кутија со алатки. Сите алатки имаат сли-

чни квалитети, бидејќи секој од *Отскочните камења* содржани во оваа книга користат референции направени за Исус во Куранот. Секоја алатка во оваа кутија, кога е засилена со Светиот Дух преку молитва и Неговиот Збор, има потенцијал да допре до срцето на муслиманите, да поттикне љубопитност, да донесе убедување и на крајот, да ја пробие темнината за да блесне силно Божјата Светлина во срцата и умовите на нашите драги пријатели муслимани. Само Бог знае која алатка, кои од овие *отскочни камења*, и во кое време, треба да бидат употребени.

Избрав да започнам со Исус Христос бидејќи Тој е најважната Вистина со која сите муслимани – всушност и сите христијани – мора да се справат. Исус намерно се направи себеси единственото најголемо прашање во животот кое секој поединец треба да го земе предвид. Како одблесок на полнотата на Божеството во телесен облик, Тој се утврди како „Патот, Вистината и Животот“, и „никој не може да дојде кај Таткото освен преку Мене (Исус)“ (Јован 14:6).

За подобра организација, ги сместив различните *отскочни камења* во четири категории. Мојата надеж е дека додека работите со муслиманите, оваа поделба на теми ќе ви овозможи полесно да го пронајдете она што ви е потребно. Категориите се:

- Исусовите фази на животот на земјата
- Исусовите чуда
- Исусовите земни улоги

• Исусовите вечни улоги

Ќе варира начинот на кој Светиот Дух ќе ве води во секоја врска што ќе ја имате со муслиманите. Духот може да ве води да ги употребите *отскочните камења* во низа што не е по истиот редослед кој го поставивме во оваа книга. Предлагам да се запознаете со сите *отскочни камења* за да можете да бидете подготвени да го следите водството на Светиот Дух.

Со години се борев со прашањето како да го користам Куранот во работата со муслиманите. Тоа е толку контроверзна тема меѓу христијанските работници. Ставовите варираат од „таа е ѓаволска книга“, до некои што дури мислат дека ‘„делумно е инспирирана“. Во оваа серија поглавја нема да навлегувам во долга дискусија за сите различни мислења што ги имаат широк спектар христијани. Но, јас ќе изнесам свои заклучоци, имено, дека со оглед на тоа што Куранот се спротивставува на Божјото Слово инспирирано од Светиот Дух, нашата Библија, затоа јас Куранот не го сметам како инспириран од Бог и никогаш не го употребувам како таков.

Во неколку *Приказни кои поучуваат* (МекКари, 2009), мажи како што се Баркат А. Кан, Чаудри Инајат Ула Муџахид, Мухамед Азлам од Пакистан, и Пастор Автов од Грузија, беа наведени како личности кои го употребуваа Куранот како почетно место за разговори со муслиманите. И јас самиот го направив тоа, како што е наведено во *Приказната* која раска-

жува што се случило во џамијата во Рицентс Парк, Лондон, со Сулејман (стр. 349).

Од долгогодишното проучување научив дека Куранот содржи стотици алузии од библиски ликови или мисли, но секогаш референциите се искривени, скратени и, во некои случаи, ѓаволски погрешно протолкувани. Во раните години на службата, откривањето на овие манипулации на библиските приказни, ликови и доктрини водеа до гнев, одвратност и одбивање да се има каква било работа со Куранот.

Но бидејќи Куранот е дел од основата на муслиманскиот начин на размислување, дури и кај неписмените луѓе на кои им се проповеда од џамиите, постепено ми падна на памет дека наместо да ја отфрлам оваа книга, може да биде употребена како почетна точка за да ги доведеме нашите муслимански пријатели да сакаат сами да го читаат оригиналниот материјал во „Античките книги“, односно Библијата. Во случај на неписмени, да им се прочита и на нив.

Конечно, ме изненади дека овие курански алузии, прераскажувања и погрешно наведени цитати од библискиот материјал може да се искористат како *отскочни камења* за да се води муслиманот од местото каде што се наоѓа до славната светлина на Божјиот инспириран Збор, Библијата. Оттука и насловот на оваа нова серија, *Отскочни камења до вечноста*.

## Содржината и основите

Ова е време на огромно муслиманско оживување. Со минувањето на западниот колонијализам и губењето на неговата контрола врз муслиманските земји, муслиманите сега го обновуваат својот идентитет. Се навраќаат на своите корени и откриваат кои се навистина. Додека го прават тоа, оригиналниот дух на Мухамед, основачот на исламот, влијае на оние кои сега ја читаат неговата книга, Куранот.

Не можеме повеќе да ги игнорираме муслиманите или нивната книга. Станува „задолжително да се прочита“ за сите оние кои трагаат по тоа да разберат што се случува во светот во ова време. Побарајте кој било весник, кое било поголемо списание за вести или проверете ги новостите на интернет, и ќе прочитате дека муслиманите заземаат истакнато место во големите дневни кризи во нашиот свет.

Проблемот, тогаш, за нас кои не сме муслимани, е како се однесуваме со овие луѓе? Проблемот немаше да биде толку акутен ако беа малубројни, но тие се една милијарда и седумстотини милиони души (од ова печатење, 2012) и се зголемуваат побрзо од која било друга група луѓе. Не можеме повеќе да ги игнорираме. Прашањето е: Како ние, како христијани, можеме да се поврземе со нив?

*Отскочни камења до вечноста* е напишана со цел малку да ве информира за изобилниот библи-

ски материјал во Куранот и да предложи начини на кои можете да се поврзете со вашите соседи муслимани, започнувајќи од онаму каде што се тие и запознавајќи ги со изворите на материјалот со кој не се запознаени, а се вградени во она што тие го сметаат за своја света книга, Куранот.

Во проучувањата што ќе следуваат ќе го земеме предвид значајниот материјал за Исус во Куранот. Потоа ќе го опишеме куранскиот третман на овој материјал и ќе ви предложиме начини да го наведете вашиот пријател муслиман да ги земе предвид античките извори на овие референции и импликацијата на новите сознанија со кои ќе се здобие од читањето на оригиналниот, инспириран Збор.

## Интегритетот на Библијата и куранската потврда

Низ муслиманскиот свет речиси насекаде ќе го слушнете обвинението дека нашата Библија е променета или изопачена. Интересно е што Куранот универзално изјавува дека е воспоставен за да ги потврди претходните Писма, еве неколку наведени курански стихови:

> Куран 2:89 „[Е]ве им дојде книга од Алах која го потврдува она што е со нив...“ (изговорено на следбениците на Мојсеј и Исус).

Куран 2:97 „[Т]ој, [Габриел], го спушта (откровението) во вашето срце по волја на Алах, потврда за она што било претходно...“

Куран 2:101 „[Е]ве им дојде гласник од Алах, потврдувајќи го она што беше со нив“ (Евреите и христијаните).

Куран 2:136 „Веруваме во Алах, и во откровението кое ни е дадено нам, и на Авраам, Исмаил, Исак, Јаков, и во племињата, и во она што им е дадено на Мојсеј и Исус, и на она што им е дадено на (сите) пророци...“ (ова се повторува во Куран 3:84).

Куран 3:3 „Тој ( Алах) ви ја испрати (чекор по чекор) вистината, Книгата, потврдувајќи го она што беше пред неа“ (Тора и Евангелието).

Куран 3:81 „[Тогаш] ви доаѓа гласник, потврдувајќи го она што е со вас...“ (Ова му беше кажано на „Народот на Книгата“,’ кои се Евреите и христијаните).

Куран 3:93 „Донесете ја Тората и проучувајте ја, ако сте луѓе на вистината“ (Изговорено на Евреите од Медина. Мухамед мислеше дека тоа е божествено инспирирано Писмо).

Куран 4:47 „О ти, народ на Книгата [Евреите и христијаните]. Верувајте во она што (сега) го откривме, потврдувајќи го она што (веќе) беше со вас...“

Куран 5:47 „Нека народот на Евангелието суди според она што Алах го објави во него.“

Куран 5:48 „Ти го испративме Писмото во вистина, потврдувајќи го Писмото што беше пред него, и чувајќи го безбедно.“

Куран 5:66 „Кога само тие (Евреите и христијаните) би се држеле цврсто до Тората и Евангелието, и целото откровение кое им беше испратено од нивниот Господ...“

Куран 5:68 „О Народу на Книгата (Евреите и христијаните). Немате основа на која можете да застанете, освен ако не застанете цврсто на Тората, Евангелието и сето откровение што ви дојде од вашиот Господ...“

Куран 10:37 „Куранот... е потврда на (откровенијата) што беа пред него...“

Куран 10:64 „Не може да има промена во зборовите на Алах.“

Куран 10:94 „Ако се сомневате во она што ви го објавивме, тогаш прашајте ги оние што ја читале Книгата [претходните Писма] пред вас.“

Куран 46:12 „И пред ова, беше Мојсеевата Книга како водич и милост; и оваа Книга го потврдува (тоа) на арапски јазик.“

> Куран 57:27 „Ние го испративме по нив [претходните пророци] Исус синот на Марија, и му го подаривме Евангелието.“

Сите овие референции даваат огромна потврда за Библијата. Тие ги именуваат Тората и Евангелието. Тие наведуваат дека не може да има промена во Божјиот Збор. Куранот ги потврдува сите претходни откровенија, вклучувајќи го и она што им било дадено на сите пророци. Ова е одлична потврда за автентичноста на нашето Писмо. И ние треба постојано да ги потсетуваме нашите пријатели муслимани за ова.

## Историска и правна одбрана на Писмото

Покрај сите горенаведени курански потврди на Библијата, може да сретнеме пријатели муслимани кои сѐ уште тврдат дека Библијата е изменета или изопачена. Следуваат неколку точки кои треба да се користат за да се одговори на овие лажни обвиненија:

- Постојат приближно 4.000 антички документи, сите датираат пред Мухамед, кои го потврдуваат текстот на Библијата каков што го имаме денес.
- Овие ракописи се изложени во различни музеи низ светот и можат да бидат прегледани од јавноста.

• Свитоците од Мртвото Море, со голем дел од Стариот Завет испишан на нив, датираат од околу 100 година пр. н. е., што е сто години пред Христа. Тие биле напишани на хебрејски јазик. Кога биле споредени со современиот хебрејски текст на Стариот Завет (Тората, псалмите и пророците), практично немало никаква промена во текстот во последните 2.100 години.

• Пред ерата на печатењето, машините за пишување и компјутерите, сите овие древни документи биле рачно копирани (препишувани) од генерација на генерација. Одвреме-навреме, препишувачот ќе направел грешка во препишувањето, како на пример заборавање да стави точка или да додаде одреден број. Ова се грешки на препишувачот. Ниту еден од нив не го променил значењето на оригиналниот текст. Тоа не значи дека оригиналниот текст бил променет.

• Не постои доказ од кој било период од историјата, откако бил воспоставен текстот на Библијата, што укажува на тоа дека Библијата е поинаква денес отколку откако текстот бил воспоставен стотици години пред Мухамед.

• Конечно, постои правен пристап: ако луѓето сакаат да поднесат обвинение дека Библијата е променета, тогаш тие треба да го направат следново:

• Тие треба да покажат дека имаат пристап до оригиналот.

• Треба да докажат кој го променил.

• Треба да докажат кога се случила промената.

• Треба да покажат кои се промените во споредба со оригиналот за кој тврдат дека го поседуваат.

Никој досега не успеал да го направи ова. Причината е што нема промени и што Библијата не е изопачена.

Сето горенаведено, вклучувајќи ги и куранските потврди на Библијата, и недостатокот на каков било историски доказ за корупција на Библијата, значи дека можеме да ја користиме со интегритет со нашите пријатели муслимани кога ги водиме од куранските референции до Исус. Богатите и поцелосни извештаи во Евангелието фрлаат повеќе светлина врз Неговиот значаен живот и служба.

Долго пред смртта на Мухамед (570 до 632 година н. е.), текстот од Стариот и Новиот Завет беше цврсто втемелен засекогаш. Па кога луѓето ја преведуваат Библијата од оригиналниот хебрејски, арамејски и грчки јазик на други јазици, тие сите работат од истиот стандарден текст.

Но многу често преведувачите имаат голем избор на зборови што треба да ги користат во преводот. Не сите преведувачи го избираат истиот збор. Ова е причината зошто различни преводи можеби не изгледаат слично. Но ова не значи дека некој го

променил оригиналниот текст на Библијата. Не, оригиналот не е изопачен (оштетен).

Слично, за нашите пријатели муслимани кои знаат да читаат англиски, имајте предвид дека сега имаме 81 различен превод на Куранот на англиски јазик. Сигурен сум дека муслиманските научници сите работеле од истиот стандарден текст на Куранот. Постоењето на различни преводи не значи дека некој го изопачил оригиналот.

За оние од вас кои се заинтересирани за Пакистан, може да биде од интерес да се напомене дека сега постојат повеќе од 300 преводи на Куранот на јазикот урду. Повторно, тоа не значи дека оригиналот е изопачен.

## Исус во Куранот

„Куранот му дава поголем пројј почесни титули на Исус отколку на која било друга личност од минатото. Три поглавја или *сури* од Куранот се именувани по референции за семејството на Исус (3, 5 и 19); Тој е споменат во петнаесет сури и деведесет и три стиха. Во Куранот секогаш се зборува за Исус со почит .“(Париндер 2003:16)

Во *суфискиот* ислам (исламскиот мистицизам), Исус е постојана тема. Суфизмот, инаку, ги проникнал сите гранки на исламот, погодувајќи пе-

десет проценти од сите муслимани низ светот. Во книгата, *Исус во очите на суфиите,* д-р Џавад Нурбахш има четириесет поглавја на различни теми за Исус во суфиската поезија. Во својата библиографија тој наведува педесет и седум книги на оваа тема!

Дополнителен цитат за да го зголемите вашиот интерес и да го споделите вашето знаење за Исус со вашиот пријател муслиман доаѓа од книгата *Другиот исла*м: *Суфизам и патот кон глобалната хармонија* на Стивен Шварц: „[Г]лавниот значаен аспект на суфизмот е неговото помирување со исламот и христијанството преку идентификацијата на Исус, наречен Иса во исламот, како гласник на божествената љубов.“

Исламот и христијанството не можат да се помират, но напорот на суфиите да го сторат тоа го демонстрира проблемот што исламот (православен и мистичен) го има со тоа што да прави со Исус.

Во Куранот, името на Исус е лингвистички изменето и ја презема формата Иса. Ова е трагедија бидејќи на арапски зборот Иса нема никакво значење. На хебрејски, името на Исус е Јешуа (Џошуа на англиски), што значи „Господ спасува“. На грчки, „Исус“ се пренесува како Ајсус, а во Матеј 1:21, читаме дека Тој ќе го спаси Својот народ од нивните гревови. Понатаму, во Матеј 1:23, Нему му е дадено името Емануел, што значи „Бог со нас“. Соединувајќи ги овие две идеи, го имаме концептот на „Бог нашиот Спасител е со нас“.

Иса во Куранот е новооткриен збор на арапски јазик и се доживува едноставно како наслов, но без никакво значење. Кога Мухамед сакал да ја изгради својата религија, исламот, врз основа на еврејските и христијанските списи (кои ги знаеше само од гласини), тој го сторил тоа без никакво знаење ниту за еврејскиот ниту за грчкиот јазик. Затоа, тој го внел името на Исус во Куранот како збор без етимолошка историја и го поедноставил во зборот Иса. Тоа значи дека муслиманот, читајќи го овој збор во Куранот, нема да има поим за тоа што навистина значи името Исус, ниту која е Неговата вистинска служба.

Драг пријателе, на оваа травестија можеш да гледаш или како на паметен трик од страна на противникот да ги задржи милионите муслимани во темнината и да се повлечеш со одвратност, или можеш да гледаш на ова како на Божја прилика да седнеш и трпеливо да работиш со твојот пријател муслиман и да му објасниш кој навистина е Исус. Те молам избери да се поврзеш со твојот пријател муслиман.

Притоа, запомни дека има стихови во Куранот кои ти даваат основа за разбирање на твојот пријател муслиман. Во Куранот 10:94, читаме: „Ако вие [муслиманите] се двоумите во она што ние [Бог] ви го објавивме, прашајте ги оние кои ја прочитале Книгата [Библијата] пред вас“ (превод Калиди 2008:169).

## Клучни зборови и термини

Има неколку арапски зборови и термини кои постојано се користат низ овие Отскочни камења, така што се чини дека е најдобро да се објаснам во овој момент наместо постојано да се повторувам во секое поглавје. Некои од најчесто користените термини се:

*Хадис* = Книги на традиции: пишаните традиции на исламот, засновани на сунетот („Нагазениот пат“, жива традиција за она што го правел и рекол Мухамед).

*Инџил* = Евангелие или „добра вест“.

*Иса* = Исус (Иса нема никакво значење само по себе, за разлика од „Исус“ или „Исус Навин“, како што беше дискутирано претходно).

*Народот на Книгата* = често користен курански термин кој се однесува на Евреите и христијаните.

*Сура[x]* = поглавје или поделба на Куранот, по број и титула.

## Почеток

Сега е на вас ред да го доведете својот пријател муслиман до „Книгата“ (Библијата) и да покажете што Иса навистина значи. Во Матеј 1:21 читаме: „Таа [Марија или Мерјем на арапски] ќе зачне син, и ќе му го дадеш името Исус [Исус Навин на еврејски, што значи ’Исус спасува’], бидејќи Тој ќе го спаси Својот народ од нивните гревови.“

Нека Господ ве води до муслиманите и да ви даде храброст да го споделите вистинското Писмо со нив, кое ќе им ги отвори очите и ќе ги изведе од нивната темнина во Божјата светлина.

# ИСУСОВИТЕ ФАЗИ ОД ЖИВОТОТ НА ЗЕМЈАТА

## ДЕВСТВЕНОТО РАЃАЊЕ НА ИСУС ВО КУРАНОТ И БИБЛИЈАТА

Нашите пријатели муслимани се жртви на дезинформации во врска со тоа во што всушност ние христијаните веруваме. Секој муслиман со кој сум разговарал верува дека обожаваме три богови: Алах, Марија и Исус.

Можеме да видиме како ова недоразбирање настанало во умот на Мухамед (К. 632) поради неговата околина. Слушнал такви изрази како „Марија, небесната кралица". Очигледно, тоа имплицира дека таа е мажена за „небесниот цар". И следствено на тоа, нивниот син, сексуално зачнат, ќе биде наречен „Синот Божји". Следствено на ова, е додадена референцијата што тој ја слушнал за „светото семејство", што тој сфатил дека значи Бог, Марија и Исус. Ситуацијата беше дополнително збунувачка кога Мухамед слушнал дека Марија е наречена „Божја мајка", наместо мајка на Исус.

Најжалосно е што сите овие идеи биле изразени во присуство на Мухамед. Тие, секако, му биле одвратни, особено идејата дека Бог имал сексуален однос со Марија. Мухамед бил строг монотеист, кој верувал во еден Бог кој нема партнери, односно, Бог немал жена. (К. 6:101, „Како Тој може да има син кога Тој нема [жена]?") Со овој вид на задднински инфор-

мации, разбирливо е дека секој пат кога Мухамед го слушал изразот „Божји Син“, тој претпоставувал дека тоа значи дека говорникот мислел дека Бог имал сексуален однос со Марија. Тој со право го оценил ова како богохулство.

Она што изненадува е што всушност Куранот ја поддржува идејата дека Исус е чудесно роден од девицата Марија. Ајде да погледнеме во куранската изведба на ова. Постојат два пасуса кои зборуваат за Исусовото раѓање: Куран 19:16-29 и Куран 3:42-47, а вториот е оној со кој овде ќе работиме. Во овој пасус, забележуваме дека вели дека ангел ѝ се појавил на Марија и ѝ кажал: „О, Марија, Алах [Бог] ти носи радосна вест од Неговиот Збор: неговото име ќе биде Исус Христос, син на Марија, кој ќе биде виден во овој и во идниот свет и еден е меѓу блиските на Бога“ (стих 45). Во стих 47, читаме за одговорот на Марија: „О мој Господару, како ќе имам син кога ниеден маж не ме допрел?“, „Тој [ангелот] рече: ‘Сепак, Алах го создава она што му е по волја: Кога ќе одреди нешто, тој вели, Биди и ќе биде’!“ Ова, и пасусот во Куранот 19, е сѐ со што муслиманите се служат кога станува збор за девственото раѓање на Исус.

Без оглед на тоа на кој начин Бог ќе води, треба да го разгледате прашањето за недоразбирањето на вашиот пријател муслиман и да предложите дека оригиналната приказна што се наоѓа во Евангелието има многу интересни детали што вреди да се разгледаат.

Во овој момент, отворете ја вашата Библија на Лука 1:26-28, и по можност, нека вашиот пријател/ка сам/а го прочита пасусот. Следните нови идеи ќе бидат изненадувачки за нив:

- Ангелот Гаврил ја посетува Марија во градот Назарет во Галилеја.

- Јосиф е именуван како нејзин свршеник и е потомок на Давид.

- Ангелот ѝ рекол на Марија дека ќе забремени без да „познае“ маж и дека ќе има син кој ќе се вика Исус. Објаснете дека „Исус“ е име со значење, односно, Избавител или Спасител. Можеби ќе сакате тука да го користите Матеј 1:21, што објаснува дека Исус ќе го спаси Својот народ од нивните гревови.

- Исус ќе биде наречен „Син на Севишниот“, и ќе му биде дадено царство кое никогаш нема да заврши ( Лука 1:32-33) – вечно царство поврзано со Давид и Јаков.

- Кога Марија се побунува дека е девица и дека не разбира, ангелот ѝ објаснува дека Светиот Дух ќе ја засени (тука нема сексуален однос) и дека светецот што ќе се роди ќе се нарекува „Божјиот Син“.

- Марија ја прифаќа својата улога, и додека е во посета на својата роднина Елисавета, жената на Захарија, таа почнува да пее,

фалејќи го Господа што го памти Своето ветување кое му го даде на Авраам (Лука 1:46-55).

Како што е секогаш случај, Куранот, осврнувајќи се на овој древен настан, изоставува толку многу значајни детали, од кои најважни се дека Исус ќе биде Спасител, Тој ќе го наследи вечното царство, Тој е кулминација на Божјите ветувања на Авраам, Јаков/Израел, и Тој ќе биде наречен „Божјиот Син“, „Син на Севишниот“.

Бидејќи Исус е наречен „Божјиот Син“, во контекстот на девственото раѓање, не постои ни најмала можност да се навести дека има некаков сексуален однос помеѓу Бог и Марија.

Ако вашиот пријател муслиман се врати на неоснованото обвинение дека христијаните го промениле Светото писмо, би можеле да ја искористите нивната сопствена книга, Куранот, за да го потсетите на тоа дека не може да има промена во Божјиот Збор. (К. 6:34, „[Н]ема никој што може да ги смени зборовите на Алах“, и К. 10:64, „Не може да има промена во зборовите на Алах.“).

Сакајте го вашиот пријател муслиман. Бидете трпеливи. Бидете истрајни. Бидете во молитва.

# ИСУС И СВЕТИОТ ДУХ

Што има Куранот да каже за Светиот Дух? Одговор? Не многу. Интересно, нели? Новиот Завет е исполнет со референции за Светиот Дух. Погледнете некои од овие стихови. Исус и апостол Павле рекле:

- „[Н]икој не може да влезе во Божјото царство освен ако не се роди од вода и Дух.“ Јован 3:5.

- „[С]ветиот Дух, кој Таткото ќе ви го испрати во моето име, ќе ве научи на сè и ќе ве потсети на сè што ви реков.“ Јован 14:26.

- „[Д]ухот на вистината... ќе ве води во сета вистина.“ Јован 16:13.

- „[Н]о ќе примите сила кога Светиот Дух ќе дојде врз вас.“ Дела 1:8.

- „[Д]ухот на животот ме ослободи од законот на гревот и смртта.“ Римјаните 8:2.

- „[У]мот контролиран од Духот е живот и мир.“ Римјаните 8:6.

- „[О]ние што се водени од Божјиот Дух се Божји синови.“ Римјаните 8:14.

- „[Б]уквата [законот] убива, но Духот оживува.“ 2 Коринтјаните 3:6.

- „[П]лодот на Духот е љубов, радост, мир...“ Галатјаните 5:22.

Некој би помислил дека и покрај сета негова изложеност на христијаните кои живееле во Арабија за време на неговиот живот, Мухамед (570 – 632 н. е.) би знаел доста за Светиот Дух. Тоа не е случај.

Во Куранот има многу малку референции за Светиот Дух. Во две од нив, Духот е поврзан со ангелите (К. 70:4, 78:38). Во третата, Духот се споменува во врска со вдахновеноста, но тогаш се толкува дека е ангелот Гаврил, кој наводно му го донел Куранот на Мухамед (17:85).

Фасцинантни се следниве две референции кои навистина ширум ја отвораат вратата за споделување моќен материјал со вашиот пријател муслиман.

Во Куранот 2:87 и 2:53, читаме: „Ние (Бог) го зајакнавме него (Исус) со светиот дух.“ Тоа е најдоброто што можете да го извлечете од Куранот. Прашањето е, што можеме ние да направиме со оваа изјава? Навистина многу.

Застанете и размислете за момент. Што се случило на Исусовото крштевање? „Штом Исус се крсти, излезе од водата. Тогаш се отворија небесата, и Тој го здогледа Божјиот Дух како слегува како гулаб

и како свети над Него. И гласот од небото кој рече: ’Ова е мојот возљубен Син; во кого ми е милината’.“ (Матеј 3:16-17).

Каков шок е ова за муслиманите! Овде има идеи кои целосно се спротивни со она на коешто тие биле научени. Ајде да ги разгледаме идеите, една по една.

Најпрво, во Куранот или во Книгите на Традициите (Хадидот) нема ни шепот дека Бог е наш Татко. Ниту еден муслиман не го нарекол Бог „Татко“. А овде во овој пасус гласот од небесата го нарекува Исус Негов Син.

Само татко би го сторил тоа. Кога Исус ги учеше Неговите ученици да се молат, Тој започна: „Татко Наш на небесата, да се свети името Твое“ (Матеј 6:9). Ваша е привилегијата да објасните дека Бог е наш Татко и Тој има намера ние да бидеме Негови синови и ќерки (2 Коринтјаните 6:17-18).

Вториот шок за муслиманите е што Бог го отворил небото и зборувал на целата земја и го дал Своето одобрување на возљубениот Син кого Тој го испрати како Свој претставник. Вашиот пријател муслиман може да има непредвидлива реакција на ова и да падне во размислување при што би прашал: „Како Бог би можел да има син кога немал жена?“ Потсетете го вашиот пријател дека дури и Куранот сведочи за девственото раѓање на Исус (К. 3:47). Бог треба само да рече и ќе се збидне.

Третата област која ќе биде изненадување за вашиот пријател е што тој или таа нема вистинско знаење за Светиот Дух. За жал, некои муслимански коментатори всушност имаат кажано дека Светиот Дух е ангелот Гаврил. Не постои идеја за тоа дали Светиот Дух е несоздаден и вечен. Ниту пак, постои идеја дека сме создадени да бидеме храмови на Светиот Дух (1 Коринтјаните, 3:16), или дека треба да бидеме повторно родени од Дух (Јован 3:5), или дека сме запечатени со Светиот Дух (Ефешаните 1:13; 4:30).

Треба да бидете во можност од Светото писмо да истакнете дека Исус не ја започнал својата служба сè додека Светиот Дух не слегол врз Него, и дека само преку Божјиот Дух тој може да изгонува демони (Матеј 12:28) и да исцелува луѓе (Дела 10:38). Можеби ќе сакате да додадете дека дури и денес, Бог го дава Својот Дух и прави чуда помеѓу оние кои веруваат (Галатјаните 3:5), и дека дарот на Духот е крајното исполнување на Божјото ветување до Авраам (Галатјаните 3:14).

Конечно и се надеваме, вашиот пријател ќе сака да знае како да го прими Светиот Дух. Добро место да се најде одговорот е во Петровата проповед на денот на Педесетница. Во Дела 2:38 читаме: „Покајте се и секој од вас да се крсти во името на Исус Христос, за проштевање на гревовите. И ќе го примите дарот на Светиот Дух.“ Можеби овде ќе треба доста да објасните. Затоа бидете подготвени.

Мој драг пријателе христијанин, се надевам дека не те изгубив. Се обидувам да ти дадам надеж наместо очај. Муслиманите можат да се придобијат да дојдат до Бог преку секој верник кој е подготвен доволно добро да го научи Божјиот Збор за да може да го користи, и кој е подготвен да започне оттаму каде што се наоѓа муслиманот со својот Куран. Ги имаат сите овие референции за Исус и Светиот Дух, но никакво разбирање за она што се однесува на Мухамед.

Ве молам, размислете за овие работи и почнете да се молите Бог да ви даде пријател муслиман со кој ќе почнете да ги споделувате овие мисли. Пред сè, не плашете се, „совршената љубов го изгонува стравот“ (1 Јован 4:18).

## ИСУСОВАТА СМРТ

„Нека е мир на мене и на денот во кој сум роден, на денот кога ќе умрам и на денот во кој ќе бидам оживеан."[1]

Куран 19:33

Зошто јас (апостол Павле) ви го предадов најнапред она што го бев и примил: дека Христос умре за нашите гревови, според Писмата, и дека е погребан и дека воскресна на третиот ден, според Писмата...

1 Коринтјани 15:3-4

Од куранскиот цитат погоре очигледно е дека Мухамед бил запознаен со настаните кои го опфаќаат Исусовото раѓање, смрт и воскресение. Само потсетете се на овие зборови од Светото писмо (забележето го нагласувањето на зборот мир).

- При Неговото раѓање: „Слава на Бог во височините, а на земјата мир при луѓето врз кои почива Неговата милост" (Лука 2:14).
- Во пресрет на Неговата смрт: „Мир ви давам; Мојот мир ви го давам. Не ви го давам

[1]Наводно, Исус зборува како дете од својата колевка.

како што го дава светот. Нека не се вознемирува вашето срце и нека не се бои“ (Јован 14:27).

• При Неговото воскресение: „Вечерта на првиот ден од седмицата, кога учениците беа заедно, со заклучени врати во страв од Евреите, Исус дојде, застана помеѓу нив и рече:‘Мир вам.’ Повторно Исус рече: ’Мир вам!...’“ (Јован 20:19, 21).

Карактеристично, Мухамед го преформулира библискиот извештај на негов уникатен епиграмски начин, изоставувајќи ги богатите детали што ги запишува Библијата. Ве молиме поканете го вашиот пријател муслиман да погледне во овие библиски референции со вас. Доколку е можно, прочитајте колку што е потребно од околните стихови за да го добиете целиот тек на наративата. Во горенаведениот курански пасус, нема сомнеж дека Мухамед ги користел овие зборови на идентичен начин на кој ги применил на Јован Крстител. Наводно, Бог зборува: „И така мир врз него (Јован Крстителот) на денот кога се родил, на денот кога ќе умре, и денот кога ќе воскресне.“ (К. 19:15).

Бидејќи муслиманските коментатори признаваат дека Јован Крстител бил убиен од царот Ирод за време на Исусовиот живот, идентичните мисли (наводно) изразени од Исус во Куранот 19:33, индицираат, според Куранот, дека Исус ја предвидел Неговата смрт за време на Неговиот живот – не во некој дале-

чен, неодреден датум во иднината. Имајте го ова на ум сега додека се префрлате на многу проблематичниот пасус во врска со распнувањето на Исус, како што зборува Мухамед: „Тие [Евреите] рекоа во фалење: ‘Ние го убивме Исус синот на Марија, Пратеникот на Алах;’ Но тие [Евреите] не го убија, ниту пак го распнаа... со сигурност не го убија“ (К. 4:157).

Во горенаведениот пасус, според неговиот контекст, Мухамед е во жестока дебата со Евреите во неговиот град. Тој ги побива нивните тврдења дека тие, Евреите, го убиле Исус.

Ова ја остава вратата отворена за вистинските факти во врска со смртта на Исус. Римскиот гувернер Понтије Пилат беше оној кој даде наредба за Исусовото распнување, а римските војници беа оние кои ја извршија наредбата. Светото писмо дури кажува дека римски војник му забил копје во страничниот дел на телото на Исус додека Тој висел на крстот (Јован 19:34).

Но има уште две важни вистини што треба да му ги претставите на вашиот пријател муслиман:

1. И Петар и Стефан ја посведочуваат вината на Евреите што го убиле Исус (Дела 2:36 и 7:52); и

2. Исус доброволно го даде Својот живот за сите луѓе – никој не му го одзел (Јован 10:17-18).

Поради христијанската ерес што изобилувала во Арабија во времето на Мухамед (570-632 н. е.), постоеле многу теории за тоа дали Исус навистина умрел или не. Некои велеле дека само така *изгледало.* Ова е отсликано во истиот курански стих цитиран погоре (К. 4:157): „А оние кои се разликуваат во тоа (за смртта на Исус) се полни со сомнежи, без (известно) знаење, но само со претпоставките кои следуваат..."

Токму во овој момент вие, христијаните, треба да ги поканите вашите пријатели муслимани да прочитаат со вас еден од евангелските наративи кои се однесуваат на апсењето, мачењето, судењето и смртта на Исус. Секако, приказната не би била целосна без последователниот извештај за воскресението на Исус и Неговото вознесување на небото. Евангелието според Јован, поглавјата од 18 до 21, би биле добар почеток.

Додека работите со вашиот пријател муслиман на библиските писма, бидете трпеливи и истрајни. Ако се подигнат приговори дека библискиот извештај е невистинит и дека Библијата е изобличена, ве молам полека вратете го вашиот пријател назад кон материјалот за тврдењата на Куранот за потврда на претходните писма и препораката да се консултира со претходните писма (К. 6:34, 10:37, 10:94). Исто така, посочете дека во историјата не постои доказ кој укажува на тоа дека Евреите или христијаните на-

правиле нешто како што е промена на Светото писмо.

Запомнете дека за илјада и четиристотини години, вообичаеното муслиманско сфаќање е дека Исус не умрел на крстот, туку дека Бог го однел жив на небото. Само живиот и вистински Бог може да ја пробие оваа вкоренета бариера на недоразбирање накалемена во умовите на муслиманите во текот на сите овие долги векови.

Но тој може. Ништо не е невозможно за Него. На секој можен начин, користете го Неговиот Збор, бидејќи „не е ли мојот збор како оган“, говори Господ,

„и не е ли сличен на млат што ја krши карпата?“
(Еремија 23:29).

# ИСУСОВАТА ЖРТВА

[Авраам] „О, синко мој! Видов во сон дека те принесувам како жртва...“ [Синот]: „О, татко мој, прави како што ти е заповедано: ќе ме најдеш, ако така сака Алах, еден од најнепоколебливите.“

Куран 37:10

„Се заколнувам Сам со Себеси“, вели Господ, „бидејќи ти [Авраам] го направи тоа, и не го задржа од Мене својот син единец [Исак], ќе го излеам Својот благослов на тебе... и сите народи на земјата ќе бидат благословени преку твоето потомство, бидејќи ја послуша Мојата заповед.“

Битие 22:16-18

Овие два пасуса се доста вредни за проучување: куранскиот (К. 37:100-113) и библискиот (Бит. 22:1-18). Интересно, куранскиот пасус не го споменува синот по име. Но, околу дванаесеттиот век, муслиманите го вметнале името на Исмаил во овој извештај. Се чини дека муслиманите, свесни за типологијата на синот на Авраам, Исак, навестувајќи на Исус, кој исто во Светото писмо бил наречен „Авраамов син“ (Матеј 1:1), во овие подоцнежни векови се обиделе да ја исламизираат приказната во нивна корист.

Како и да е, историскиот настан е за Исак, преку кого дојде Месијата, а не преку Исмаил. Кога е соодветно, ангажирајте го вашиот пријател муслиман да погледне во библискиот извештај. Посочете дека сите народи не можат директно да бидат благословени преку Исак, кој прејде во слава, но мора да бидат преку неговиот попознат потомок, Исус, преку кој народите се благословени. Сите муслимани признаваат дека Исус е жив на небото денес.

Доколку вашиот пријател муслиман е подготвен да продолжи со вас, можеби ќе сакате да отидете на материјалот за Новиот Завет кој изјавува дека Исус е Авраамово семе (Гал. 3:16): „Ветувањата му беа кажани на Авраам и на неговото семе. Светото писмо не вели, ’на семињата’, што значи многу луѓе, туку ‘на твоето семе’, што значи едно лице, кое е Христос.“

Надвор од ова објаснување, наоѓаме уште повеќе материјал кој ја коментира природата на Авраамовата вера што е вообичаена за нашата дискусија за Исак дека е „тип“ на Христос. Погледнете во Евреите 11:17-19:

> *Преку вера Авраам, кога беше испитуван, го принесе Исака, и тој, кој ги прими ветувањата, го принесе својот единороден син*[1]*, дури и кога Бог му рече: „Во Исака ќе биде*

[1]Во Библијата, Исмаил се сметал за дете на роб, а не вистински син на Авраам. Види Битие 21:12 за оваа референција.

*наречено твоето Семе.“ Тој помислил дека Бог може и од мртвите да воскреснува.*

Овој коментар од Новозаветните писма ја зацврстува аналогијата дека Исак бил претслика на Христос, Авраамово семе, кој воскреснал од мртвите.

Муслиманите, како што сигурно знаете досега, тврдат дека Исус бил земен жив од крстот и затоа не умрел и не воскреснал од мртвите.

Апостолот Павле, користејќи го терминот „евангелие“ ( што значи „добра вест“, „Инџил“ на арапски), ја дефинира „добрата вест“ на следниов начин (1 Коринт. 15:3-4): „Христос умре за нашите гревови според Писмата; Тој беше погребан, и воскресна на третиот ден...“

Во истото поглавје, Павле продолжува со објаснување во 1 Коринтјаните 15:21-22: „Бидејќи смртта дојде преку човек, така преку еден Човек дојде и воскресението од мртвите. Зашто, како што сите умираат во Адама, така и во Христа сите ќе оживеат.“

Конечно, слушнете ги Исусовите сопствени зборови во Евангелието по Јован 11:25-26:

„Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене – и да умре – ќе живее, и секој, кој живее и верува во Мене, нема да умре довека.“

# ИСУСОВОТО ВОЗНЕСЕНИЕ

Туку Аллах го дигна кон Себе. Аллах е Силен и Мудар!

Куран 4:158

Овој курански стих цитиран погоре е восхитувачки во своето признание дека Месијата бил вознесен на небото. Деталите, како и вообичаено, многу варираат во врска со тоа кога се случил овој настан. Оставајќи ги настрана овие разлики, пасусите од Божјиот Збор со кои сакаме да им го привлечеме вниманието на нашите пријатели муслимани, се занимаваат токму со Исусовиот чин на небото и каква е Неговата функција таму.

Пред да прејдеме на овие точки, поканете го вашиот пријател муслиман да ги прочита следниве два извештаи за Исусовото вознесение на небото. Првиот е во Евангелието по Лука (Лука 24:50-52): „И ги изведе до Витанија (во близина на Ерусалим), ги подигна Своите раце и ги благослови. И додека ги благословуваше, се оддели од нив и се вознесе на небото. Тогаш тие го славеа и се вратија во Ерусалим со голема радост.“

Извештајот во книгата „Дела на апостолите“ дава уште неколку детали (Дела 1:9-11):

И откако Тој го рече тоа, се вознесе пред нивните очи, и еден облак Го зеде од пред нивните погледи. И кога гледаа кон небото, додека Тој се вознесуваше, ете двајца мажи во бела облека застанаа покрај нив и им рекоа: „Мажи Галилејци, зошто стоите и гледате во небото? Овој Исус, Кој од вас се вознесе во небото, ќе дојде така, како што Го видовте да оди во небо.“

Колку и да се интересни овие детали, описот за тоа каква позиција Тој заседе на небесата е уште поинтересен. Тој не е само „таму некаде“,, Тој седи од десната страна на Бога, позиција со неверојатна моќ и во една сцена, во средиштето на престолот. Поканете го вашиот пријател муслиман да ги погледне овие пасуси заедно со вас:

- „А Господ Исус откако им го рече тоа, се вознесе на небо и седна оддесно на Бога“ (Марко 16:19).

- „[Исус одговори] ‘Но отсега Човечкиот Син ќе седи оддесно на Божјата Сила’“ (Лука 22:69).

- „Тогаш Јас [апостолот Јован] видов Јагне, што стои како заклано, во средиштето на престолот“ (Откр. 5:6) (додаден е нагласок ). Забележете дека пророкот Јован Крстител го нарекува Исус „Јагне Божјо“ (Јован 1:29).

Исусовата позиција го обдарува со сета моќ на Севишниот, и Неговата пожртвувана смрт го поставува во средиштето на престолот како откуп за гревот.

Тој ќе ја употреби таа моќ еден ден додека се справува со луѓето во светот кои одбиле да му се поклонат на Бог, исто како што Давид прорече во Псалм 2:9: „Ќе владееш со нив со жезол, Ти ќе ги распарчиш како глина.“

Но постои уште една функција на Оној кој седи од десната страна на Семоќниот Бог, а тоа е улогата на Посредник. Со тоа што се жртвува Себеси за нашите гревови, Тој го доби правото да посредува во име на оние кои веруваат во Бог. Помогнете му на вашиот пријател муслиман да ги пронајде следниве многу интересни стихови во поглед на ова прашање.

Во тоа големо пророштво за Христос во пророкот Исаија (Иса. 52:13-53:12) е вградено ова упатување на Неговата улога како Посредник:

„Затоа Јас (Бог) ќе Му дадам дел меѓу големите, и Тој ќе го подели пленот со големците, зашто го излеа Неговиот живот сè до смрт, и беше вброен меѓу престапниците. Зашто Тој ги понесе гревовите на мнозинството и посредуваше за престапниците“ (Иса. 53:12) (додаден е нагласок).

Во својата голема расправа до верниците во Рим, апостолот Павле ја објасни Исусовата улога: „Исус Христос кој умре – и уште повеќе од тоа, кој

воскресна и е жив – седи од десната страна на Бог и посредува за нас“ (Рим. 8:34).

Писателот на книгата со наслов „Евреите“ го објаснува ова во смисла на свештенство: „Бидејќи Исус вечно живее, Тој има постојано свештенство. Затоа може целосно да ги спасува оние кои доаѓаат кај Бог преку Него, бидејќи Тој живее вечно за да посредува за нив.“ (Евреите 7:24-25).

Како што го сумирате сето ова со вашиот пријател муслиман, можеби ќе сакате да истакнете:

- Куранот го повторува она што Библијата го изјави шестотини години пред да постои Куранот.

- Псалмите, пророците и евангелијата содржат значајни детали кои не се споменати во Куранот.

- На Исус му беше доделена позиција од десната страна на Семоќниот Бог, позиција со голем авторитет и моќ.

- Преку Неговата пожртвувана смрт на крстот, како Јагне Божјо, Исус го доби правото да посредува кај нашиот Татко Бог во име на сите оние кои веруваат во Него.

- Исус ќе се врати на земјата.

Драг христијански работнику, досега би требало да бидеш свесен дека овие библиски извештаи

целосно ги рушат однапред замислените идеи на муслиманот за она што тој или таа го научиле за Исус. Куранот и Хадисите, кои се пишани традиции за она што Мухамед го рекол и напишал и се надвор од Куранот, даваат впечаток дека Исус бил обичен човек за Неговата возраст, а не боженствен, не вечен Божји Син, не Спасителот на светот и не посредник. Овие нови библиски сознанија за него или неа би можеле да бидат доста вознемирувачки.

Молете се многу додека работите со вашиот пријател. Верувајте му на Светиот Дух дека ќе донесе убедување преку вашата употреба на Светото писмо, како што ги знаеме во Библијата. Бидете многу љубезни и трепеливи со вашиот пријател додека тој или таа ги обработува сите овие нови откритија.

Драг пријателе (се обраќам на пријателот муслиман): Можеби ќе сакаш да дојдеш кај Исус како твој посредник. Ова се Неговите зборови до тебе:

„Дојдете при мене, сите кои сте обременети и се трудите, и јас ќе ви дадам одмор. Земете го Мојот јарем на себе и научете се од мене, зашто Јас сум кроток и понизен по срце; и ќе најдете одмор на своите души. Зашто Мојот јарем е пријатен и Моето бреме е лесно“ (Матеј 11:28-30).

## ИСУСОВА ЧЕСТ ВО ОВОЈ И ИДНИОТ СВЕТ

Муслиманите често велат дека го почитуваат Исус повеќе од нас христијаните. Овој, досега често цитиран стих, Куран 3:45, е една од причините зошто тие го велат ова. Еве го повторно: „Видете! Ангелите рекоа: 'О Марија! Бог ти носи радосна вест од Неговиот Збор: неговото име ќе биде Исус Христос (Иса-ал-Масих на арапски), синот на Марија, кој ќе биде виден на овој свет и на идниот и еден е меѓу блиските на Бога“ (нагласено).

Ајде да ги вклучиме нашите пријатели муслимани во оваа нова идеја дека Исус беше „почитуван во овој свет и ќе биде во наредниот“,, што не е објаснето во Куранот. Во текот на Неговите денови на земјата, Тој навистина беше почитуван над сите луѓе. Толпа од илјадници луѓе се собираше за Неговото поучување. Сите кои дојдоа при Него беа исцелени. Луѓето беа ослободувани од демони. Неговата слава се проширила дури и до палатата на царот. Обичните луѓе Го сакаа.

И покрај Неговата очигледна добрина, толку отворено прикажана во Неговите исцелувања, ослободувања и простувањето на гревовите на луѓето, противењето се разви кај оние кои беа љубоморни на Неговите следбеници. На крајот, еврејските лидери се договорија да Го убијат. Знаејќи го сето ова,

Исус го кажа ова невообичаено пророштво во Јован 12:21: „А Јас, кога ќе бидам издигнат од земјата, ќе ги привлечам сите кон Мене.“ Тој го рече ова за да покаже со каква смрт (распнување) Тој требаше да умре.

Дали ова пророштво се оствари? Да! Со Неговата смрт на крстот Исус веќе привлече милиони и милиони верници кон Себе. Замолете го вашиот пријател муслиман да размисли за овие статистики. Околу 2.300.000.000 луѓе денес се идентификувани како христијани. Дури и Куранот го споменува Исусовото распнување. Муслиманите кои веруваат во распнувањето ја достигнуваат бројката од 1.600.000.000 луѓе. Заедно, овие две групи сочинуваат речиси половина од популацијата на земјата. Преку христијанските радија, филмови, видеоленти, телевизиски програми, интернетот и дистрибуцијата на испечатено Свето писмо на стотици јазици, приказната за Исусовата смрт на крстот стана позната низ многу други делови од светот.

Навистина, ова пророштво да му се оддаде почит на Исус во светот се исполнува токму пред наши очи. Но што со животот по смртта? Светото писмо има многу да каже за ова. Седумстотини години пред Христа, Исаија го кажа ова пророштво:

> „Зошто, ни се роди Дете, Син ни се даде, власта му е на рамото. Името ќе Му биде: Чудесен Советник, Силен Бог, Вечен Татко, Кнез на Мирот. Неговата власт ќе се шири надалеку и не

ќе има крај на мирот над Давидовиот престол, над неговото царство; ќе го зацврсти и ќе го утврди во правина и во праведност. Отсега и довека ќе го направи тоа привrзаната љубов на Господа над Воинствата“ (Исаија 9:6-7).

Овој стих е за Исус: Бог Таткото ќе престојува во Исус преку Неговиот Дух. Тука го гледаме единството на Бог, Синот и Духот, како и вечноста на Божјото владеење.

Во книгата на Захарија 9:9б (еден од библиските пророци), приближно петстотини години пред Христа, беше дадено ова пророштво: „Еве твојот Цар иде при тебе, справедлив е и спасува, кроток и седнал на осле, на ослица, младенче на ослицата.“

Ова се исполни во времето на Исус. Ве молам прочитајте го заедно со вашиот пријател муслиман пасусот од Лука 19:28-38. Исус е прогласен за Цар кога влегува во Ерусалим за последен пат, јавајќи на магаре.

Понтије Пилат, римски управител на Ерусалим, го праша Исус пред да биде распнат: „Дали си ти еврејскиот цар?“ По потврдниот одговор на Исус, управителот изјави: „Тогаш ти си царот!“ А Исус вака му одговори (Јован 18:37): „Ти велиш дека сум Цар. Всушност, Јас се родив за тоа, и за тоа дојдов на светот, за да сведочам за вистината. Секој – кој е од вистината – го слуша Мојот глас.“

Сега ве молам прочитајте во Јован 19:16-30. Исус, Царот, беше распнат и погребан. Следно прочитајте во Јован 20 и Дела 1:1-11. На третиот ден, токму како што пророкува Исус, Тој воскресна од мртвите, на многумина им се покажа жив во наредните четириесет дена, а потоа се вознесе на небото. Но има повеќе. На апостол Јован му беше дадена визија за настаните во иднината. Ќе цитираме од еден од нив, Откровение 19:11,13,16, кој ја покажува Неговата позиција во „животот по смртта“: „И видов отворено небо, и ете бел коњ, и Оној, Кој седеше на него, се вика Верен и Вистинит... Неговото име е Божјо Слово... А на Неговата наметка и на Неговото бедро има напишано име: Цар на царевите и Господар на господарите.“

Ова е Исус, кој има чест и во овој и во идниот свет!

# ИСУСОВОТО ВРАЌАЊЕ

И Исус ќе биде знак за доаѓањето на Судниот Час.

Куран 43:61

Доаѓањето на Божјиот ден, кога запалените небеса ќе се распаднат и вжарените стихии ќе се стопат. А ние, според Неговото ветување, очекуваме нови небеса и нова земја, во кои пребива правдата.

2 Петар 3:12-13

Сите муслимани веруваат дека Исус е сега жив на небото и дека Тој ќе се врати. Но тоа е во поглед на сличноста. Според муслиманските традиции, нашите пријатели биле научени дека Исус ќе се врати како муслиман; Тој ќе ги скрши сите крстови на светот; ќе ги убие сите свињи во светот; Тој ќе помогне да се преобрати целиот свет во ислам, ќе се ожени, ќе има деца и ќе умре како нормално човечко суштество. Ова не се учења земени од Куранот, туку се земени од Хадисите, односно работите што Мухамед ги кажал надвор од Куранот.

Повторно и повторно Мухамед се навраќа на темата „Судниот ден“. Во друг пасус, Мухамед ја уловил сликата за моќта која ќе го карактеризира Исусовото враќање: „Кога земјата ќе се претвори во

прав, и кога ќе дојде Твојот Господ, и Неговите ангели, ред по ред, и тој ден, ќе биде доведен пеколот (лице во лице), - на тој ден човекот ќе сеќава...“ (К. 89:21-23).

Колку е тажно што Мухамед, испрашувајќи ги христијаните во што веруваат, го добил само осудувачкиот елемент во пророштвото и го пропуштил ветувањето за неискажливата радост на оние кои поверувале во Исус како Божји Син, испратен од Бог Таткото. Ќе ги разгледаме двата аспекта на Исусовото враќање.

Прво, поканете го вашиот пријател муслиман да прочита поцелосен опис во Библијата за она што Куранот го навестува. Заедно погледнете во пасусот за последните времиња во Евангелието по Матеј 24:27-31.

> „Зашто, како што молњата излегува од исток и светка до запад, така ќе биде и доаѓањето на Човечкиот Син (едно од Исусовите имиња). ... ’Сонцето ќе потемни, месечината нема да ја дава својата светлина, и ѕвездите ќе паѓаат од небото, и небесните сили ќе се расклатат.’ И тогаш ќе заплачат сите племиња на земјата и ќе го видат Човечкиот Син, како доаѓа на небесните облаци, со сила и со голема слава. И Тој ќе ги испрати Своите ангели со силен глас на труба и ќе ги соберат Неговите избраници...“

Ова е поцелосна слика за она на што упатуваше Мухамед во Куранот. Не само што Исус ќе дојде на овој начин, но Тој ќе дојде да суди. Нека вашиот пријател го прочита стихот во Дела 17:31: „Зашто Тој (Бог) определил ден, кога ќе му суди на целиот свет – преку Човекот Кого Го определил за тоа; давајќи им на сите уверување со тоа што Го воскресна од мртвите.“

Откако со горенаведените библиски пасуси покажавме поцелосна слика за она на што упатуваше Мухамед, сега префрлете се на библискиот материјал за првото појавување на Исус на земјата, не Неговото последно. Во Евангелието по Јован, Исус ја објаснува Својата мисија. Нека вашиот пријател го прочита со вас Јован 3:16-21:

> „Зашто Бог толку го возљуби светот, што го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот. Зашто Бог не го испрати Својот Син во светот за да му суди на светот, туку светот да се спаси преку Него. Кој верува во Него, нему не му се суди, а кој не верува веќе е осуден, зошто не поверувал во името на Единородениот Божји Син. Судот се состои во ова: Светлината дојде во светот (Исус е наречен „Светлината на светот“,Јован 8:12), а луѓето ја засакаа темнината повеќе од светлината, зашто делата им беа зли. Зашто секој кој прави зло ја мрази светлината и не оди кон светлината за

да не бидат откриени неговите дела; а кој ја извршува вистината оди кон светлината за да се видат неговите дела, бидејќи се извршени во Бога.“

Од горенаведеното може да се види дека она што го верувате за Исусовото дело на земјата, кога Тој дојде за прв пат, има голема врска со тоа како ќе го гледате Неговото последно појавување. Кога верувате во Исус како Господар и Спасител, да, дури и како Божји Син, тогаш вашиот став ќе биде радосно очекување, а не страв од осуда. Нека ги прочита вашиот пријател зборовите на апостол Павле во Филипјаните 3:20-21: „А нашето жителство е на небесата, од каде и Го очекуваме Спасителот, Господа Исуса Христа, кој ќе го преобрази нашето унизено тело, да се сообрази со Неговото славно (нераспадливо) тело, според дејствието на Неговата сила, со која може да покори сѐ под Себе.“

Многу одамна, пророкот Давид го разбрал ова и поверувал во Оној што доаѓа. Еве што напишал тој: „Ќе ми го покажеш патот на животот; во Твоето присуство има полнота на радоста, десно од Тебе вечно блаженство“ (Псалм 16:11).

Од една страна, од враќањето на Исус треба да се бојат оние кои Го отфрлиле, бидејќи Тој е Божјиот Син, Нашиот Господар и Нашиот Спасител. Од друга страна пак, за оние кои Го љубат, има причина за голема радост кога Тој ќе се појави. Бог му даде на

апостолот Јован мал поглед кон иднината со Исус. Тој напиша во Откровение 21:3,4:

> „И чув силен глас од небото што велеше: ‘Еве го Божјиот Шатор меѓу луѓето, и Тој ќе живее со нив, и тие ќе бидат Негов народ, и Самиот Бог ќе биде со нив и ќе ја избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина’.“

Драг христијански работнику, покани го својот пријател муслиман да го прими Исус, да поверува во тоа каков е Тој навистина. Го предлагам стихот 1 Јован 5:11-13 како еден од неколкуте пасуси кои се користат за ова:

*И ова е сведоштвото: Бог ни даде вечен живот, и тој живот е во Неговиот Син. Кој Го има Синот, има живот, кој Го нема Божјиот Син, нема живот. Ова ви го напишав вам, кои верувате во името на Божјиот Син, за да знаете дека имате вечен живот и да верувате во името на Божјиот Син.*

# ЧУДАТА НА ИСУС

## ИСУС НАПРАВИ СЛЕПИТЕ ДА ПРОГЛЕДААТ

Не толку одамна, бев поканет да бидам дел од една панел-дискусија на Универзитетот Тексас A&M. Темата беше „Мухамед во Библијата“. Главниот муслимански говорник беше д-р Џамал Бадави, автор на книгата со истиот наслов (1982).

Христијанскиот читател може да биде изненаден кога ќе дознае дека еден од библиските пасуси за кои муслиманите тврдат дека се однесува на Мухамед е Второзаконие 18:18. Тој гласи: „Јас (Бог) ќе му издигнам (на Божјиот народ) Пророк каков што си ти (Мојсеј) од среде нивните браќа (дванаесетте Израелеви племиња); Ќе ги положам своите зборови во неговата уста, за да им каже сè што ќе му заповедам.“ И покрај фактот што овој пасус е јасно применет на Исус (кој потекнува од племето на Јуда) од Петар во Дела 3:22, и Стефан во Дела 7:37, муслиманите го тврдат ова пророштво за Мухамед. Користејќи го горенаведениот пасус од Второзаконие, д-р Бадави покажа, според него, неколку начини на кои Мухамед го отсликува Мојсеј, а не Исус. На пример, и Мојсеј и Мухамед беа женети, му го дадоа на светот Законот и водеа победоносни војски. Тој истакнува дека Исус не направил ништо од горенаведеното за време на неговиот живот на земјата.

За христијанинот кој ги знае библиските извештаи за Мојсеј и Исус, очигледните разлики помеѓу Мухамед и Исус се во поглед на жртвите и чудата. Со еден единствен исклучок од Куранот 37:107, не постојат други референции во Куранот за жртвите, додека учењето на Мојсеј е исполнето со закони во однос на многуте видови жртви, а и Исус Самиот се принесе како жртва. Што се однесува до чудата, и Мојсеј и Исус направиле бројни извонредни чуда. Мухамед тврдел дека неговото единствено чудо е самиот Куран. Со други зборови, тој не извршил ниедно чудо. Во ова проучување, ќе се фокусираме на областа за Исусовото чудо - исцелување на слепиот, од причини кои ќе станат очигледни.

Чудесно, Куранот дава две извонредни референции во врска со ова. Во Куранот 3:49, се вели: „...Јас (Исус) ги исцелувам слепородените...“ И во Куранот 5:110, наводно, Бог вели, зборувајќи Му на Исус: „Со моја дозвола... ги исцелуваш оние слепородените...“ И тоа е сè. Во Куранот нема ниедна приказна дека всушност Исус дава вид на слепа личност.

Пристапот кој често ќе го користиме во работата со нашите пријатели муслимани е отприлика вака: „Абдула, прочитав во Куранот дека Исус ги исцелил слепите, но нема ниту еден опис за Него дека Тој всушност го прави тоа. Во античката книга за Исус најдов детален извештај дека Тој всушност исцелува маж кој е слепороден. Дали би сакал да ја прочиташ приказната?“

Запомнете, куранските референции погоре цитирани служат како отскочни камења, или појдовни точки, за да го водат вашиот пријател муслиман до оригиналниот изворен материјал во Библијата. Постојат неколку приказни за Исус како исцелува слепи луѓе (Матеј 9:27-31, Матеј 20:30-34, Марко 8:22-26, Марко 10:46-52). Во ова проучување, ќе ја користиме онаа во Јован 9:1-41, бидејќи се однесува на маж кој е слепороден. Ве молам, доколку можете, ставете ја Библијата или Новиот Завет во рацете на вашиот пријател муслиман и дозволете му/ѝ да го прочита овој пасус.

Потоа, обрнете внимание на фактот дека ова чудо е восхитувачки одраз на Божјата љубов, милост и моќ кои делуваат преку Исус.

1. Целта на Исусовото чудо е да ја прикаже Божјата љубов (стих 3).
2. Исус во оваа приказна, се нарече Себеси „Светлината на светот“ (стих 5).
3. Исцелениот човек првично рече дека Исус е пророк (стих 17).
4. Исцелениот човек рече: „Овој човек (Исус) е од Бога“ (стих 33).
5. Исцелениот човек поверувал дека Исус е „Синот Човечки“ (стихови 35-38). Исус е наречен „Божји Син“ во Светото Писмо (Матеј 3:17) и тврдеше дека е еднаков со Бог (Јован 10:30 и 14:9), но Тој почесто се нарекуваше Себеси

„Синот Човечки“. Сетете се, Тој умре за нас на крстот како претставник на човекот; но бидејќи Тој исто беше Божји Син, Неговата жртва беше со бескрајна вредност, доволна да ги покрие гревовите на целиот свет.

6. Исцелениот човек конечно го нарече Исус „Господ“, и Му се поклони (стих 38).
7. Исто така запомнете дека тоа што Исус им дава вид на слепите е исполнување на старозаветните пророштва (Исаија 29:18; 35:5; и 42:7).

Пријатели, на свој љубезен начин, отворете ги очите на вашиот пријател муслиман за она што го кажува вистинското Божјо слово за Исус и подгответе се да одговорите трпеливо на многуте прашања што ќе се појават. Како ќе се однесувате е дел од вашето сведочење.

## ИСУС ИСЦЕЛИТЕЛОТ

Куранот нѐ измачува со минимални референции и нема приказни кои ја одразуваат славата на Таткото додека Тој вршел чуда на исцеление преку Неговиот Син Исус Христос.

Во Куранот 3:49, читаме (наводно, Исус зборува): „Јас ги исцелувам... лепрозните.“

И во Куранот 5:110, читаме (Бог наводно му зборува на Исус): „Со моја дозвола, ќе ги исцелуваш... лепрозните.“ Толку. Никаде во Куранот нема да пронајдете богати материјали кои се однесуваат на лепрата, како што е во Законот на Мојсеј, ниту какви било наративи дека Исус всушност исцелува лепрозен.

Исусовите чуда на исцелување се потврда за Неговото божествено Месијанство и вистинското присуство на Божјото царство на земјата. Спротивно на тоа, Мухамед во Куранот признал дека тој самиот немал чуда (К. 6:109, 10:20, 13:7 и 17:59).

Затоа, мој драг пријателе христијанин, додека седиш со твојот сосед муслиман и разговараш за целото прашање на исцелението, запомни дека самиот

Куран го потврдува Мојсеевиот закон, Давидовите псалми, пророците и Радосната Вест на Исус Христос. Во Куранот 29:46, читаме: „Ние веруваме во Откровението кое ни дојде и во она што слезе врз вас...“

Имајќи го ова на ум, можеби ќе сакате да го прашате вашиот пријател муслиман дали тој или таа би сакал да дознае што рекол Мојсеј за лепрозните луѓе. Досега, треба да ја имате отворено вашата Библија на Левит 13:45-46, кој ја открива ужасната мака на лепрозните: „Оној што ќе стане лепрозен, нека носи распарана облека; косата нека му е непокриена; тој е должен да биде покриен до горната усна и да вика: ’Нечист! Нечист!’ Мора да живее насамо; неговиот дом нека биде надвор од живеалиштето.“

Можеби ќе сакате да го одведете вашиот пријател муслиман до неверојатната приказна за Мојсеј кога е повикан да стане пророк. Кога Мојсеј го праша Господ како луѓето ќе поверуваат дека Господ го испратил, Господ му даде прекрасен знак. Нека вашиот пријател го прочита Излез 4:6-7:

> „Уште Господ му рече: ’Вовлечи ја раката во пазувата.’ Тој ја вовлече раката во пазувата, кога ја извлече, ете – раката му беше лепрозна, бела како снег. ’Стави ја пак раката во пазува!’, му нареди Господ. Тој пак ја стави раката во пазува. Кога ја извлече, ете, пак беше како и другиот дел на телото.“

Ве молам посочете му на вашиот пријател дека ова е нешто што само Бог може да го направи. Кога станува збор за чудата на Исус, тие сведочат за Неговото божество.

Во Левит 14:1-32 (во Мојсеевиот закон), читаме за неверојатната постапка низ која треба да помине некој кога ќе се исчисти од лепра. Во ова кратко проучување, не можеше да го цитираме целиот пасус; но можеме да забележиме нешта од исклучителен интерес. На пример, исцеленото лице треба да им донесе на свештениците на жртвување две машки јагниња без недостаток и едно женско јагне годиначе. Едно јагне треба да се принесе како жртва за вина. Другото треба да се принесе како жртва за грев, а третото како жртва паленица. На исцелениот, треба да му се попрска крв на десното уво, палецот на десната рака и палецот на десната нога, заедно со масло, а на главата на исцелениот се прелива уште. Сето ова се прави за помирување на таа личност пред Господа.

Ти, христијански работнику, треба да се запознаеш со пасусот и да го вклучиш пријателот муслиман да го чита заедно со тебе. Има уште многу други дејствија што се пропишани, но ние го истакнавме она што толку јасно укажува на помирувачката жртва на Исус, имено, пролевањето на крвта на Јагнето.

Треба да знаете дека Куранот учи дека никој не може да направи помирување за друг. Погледнете во Куран 10:54: „Секоја душа што згрешила, кога би поседувала сè што е на земјата, нема да се избави од тоа...“ Во исламот, нема откупнина, нема помирување. Така, оваа дискусија за помирување преку крвта на јагнето е нова идеја за муслиманот.

Бидејќи Куранот исто така го потврдува она што им е објавено на библиските пророци (К. 3:84), соодветно е да го запознаете вашиот пријател со пророштвото за страдањето на Божјиот слуга во Исаија 53:5: „За нашите престапи беше прободен, сотрен, за нашите беззаконија. Казната за нашиот мир падна врз Него, преку Неговите рани ние се исцеливме.“ (Можеби ќе сакате да го прочитате целото библиско поглавје).

Сега, кога доаѓаме до приказната од Евангелието/Инџилот за Исус, кој исцелува лепрозен, на пример, во Матеј 8:3, Исус едноставно вели: „’Биди очистен!’ И веднаш се очисти неговата лепра.“

Ќе треба да му објасните на вашиот пријател муслиман дека Исус не се здобил со оваа божествена моќ да исцелува лепрозен како обичен пророк, но дека Тој го добил правото да ги исцелува сите наши болести жртвувајќи се Себеси на крстот како помирување за сите наши гревови. „Преку неговите рани ние се исцеливме.“ Бог Таткото, знаејќи однапред

дека Исус ќе се жртвува себеси како Божјо Јагне, Му ја даде оваа власт да исцелува.

Драг пријателе христијанин, земи ги овие информации, запознај се со нив, прошири ги и помогни му на твојот пријател муслиман да го цени Исус како Божествен Исцелител.

# ИСУС ГИ ИСЦЕЛУВА МРТВИТЕ

Ова скалило е поврзано со Исусовото чудо со воскреснување на мртвите. Куранот 5:110 делумно гласи: „...Јас те зацврстив со Светиот Дух... и ете! Ти ги оживе мртвите со моја дозвола.“ За жал, не постои ниту една приказна во Куранот дека Исус го прави тоа. Затоа, се обраќаме кон Евангелието за приказната на Исус кој всушност воскреснува некого од мртвите.

Токму во овој момент, го прашуваме нашиот пријател муслиман дали таа или тој би сакал да го прочита извештајот за Исус кој воскреснува човек што бил мртов четири дена (бидете истрајни). Досега треба да ја имате отворено вашата Библија на Јован поглавје 11: нека ги прочита вашиот пријател стиховите на Јован 11:1-14.

Можеби ова е прв пат вашиот пријател муслиман да чита од Библијата. Во овој пасус ќе има многу шокови за него или неа. Муслиманот бил научен дека Исус бил само обичен човек за својата возраст и дека Тој не бил Божјиот Син. Ниту пак, некогаш, муслиманот го поврзал куранскиот збор Ал-Масих (на арапски „Месија“ за нас) со Божји Син. Овде тие се поврзани во стих 27.

Други интересни точки се дека Исус го љубеше Лазар. Тој плачеше заедно со сестрите и пријателите. Се молеше на Бог на небото, кој го нарече „Татко“. Тој му се заблагодари на Отецот што ја послуша Неговата молитва Лазар да воскресне. И Тој се нарече Себеси „воскресението и животот“. Тој вети дека кој ќе поверува во Него, дури и да умре, ќе живее. Сите овие се нови фасцинантни мисли за вашиот пријател муслиман. Тие не само што го прикажуваат Исус на човечки начин полн со љубов, но тие исто откриваат дека Исус даде зачудувачки тврдења за Себе и си дозволи да се нарече Божји Син (стихови 4 и 27).

Бидејќи муслиманот е научен дека Исус не е Божји Син, можеби ќе треба да одвоите време за да се справите со ова. Можеби ќе треба да истакнете дека ние христијаните не веруваме во она во што муслиманите мислат дека веруваме. Тие се научени дека ние велиме: „Исус е Божјиот Син“, и дека веруваме дека Бог имал секс со Марија. Никаде во светот нема христијанин кој верува во тоа.

Постојат пасуси кои зборуваат за Исусовиот однос со Таткото. На пример, Јован 6:38: „Зашто Јас (Исус) слегов од небото... за да ја вршам волјата на Оној (Таткото) Кој Ме пратил“, и Јован 14:9: „Кој ме видел Мене, Го видел и Таткото“, и Јован 10:30: „Јас и Татко Ми едно сме“. Овие стихови се многу важни за муслиманите бидејќи тие поучуваат за единството на Бога – клучен принцип на муслиманската вера.

Муслиманите се изненадени кога ќе откријат дека и ние, исто, веруваме дека Бог е еден.

Запомнете, тие никогаш претходно не ја читале Библијата. Никогаш не биле поучени дека Бог е нивниот Татко. Ваша привилегија е да им покажете. Второзаконие 32:6,: „...О глупав и безумен народе... Не е ли Тој твој Татко, Твој Создател, Кој те создаде, преку Кого постоиш?“ Но и покрај ова, ќе треба да им покажете дека Исус дојде да го открие Таткото, да му покаже на светот каков е Бог.

Во приказната за Исус кој го воскреснува Лазар дознаваме дека нашиот Татко Бог, кој е едно со Исус, го сакаше Лазар преку Исус. И Исус го употреби ова чудо за да го прослави Таткото и да им понуди вечен живот на сите оние кои веруваат во Него, во Оној што го испрати Таткото.

# ИСУСОВИТЕ УЛОГИ НА ЗЕМЈАТА

## ИСУС КАКО ПРОРОК

Куранот има девет референции каде што Исус е именуван, или во кои се алудира на Него како пророк заедно со останатите библиски пророци. Во Куранот 19:30, каде што гледаме дека Исус се нарекува слуга, исто читаме дека Тој е наречен пророк: „Тој вели[1]:

„Навистина сум Божји слуга: Тој ми го даде Откровението[2] и ме направи пророк.“

Идејата и во Библијата и во Куранот е дека пророкот е избран за посебна цел со порака од Бог. Куранот споменува дека името на Исусовата книга е „Евангелието“, а исто ги споменува и Неговите чуда и дека Тој ги потврдува книгите што дошле пред Него: Мојсеевиот закон, Давидовите псалми и претходните пророци (види Куран 5:48). Но Куранот не споменува ништо за Неговото учење или идните пророштва.

Во Библијата, гледаме дека Исус ги исполни сите концепти за свештенство, царство и пророштво. Во ова проучување, ајде да се обидеме да откриеме

---

[1]Овде Исус зборува од својата колевка, според Куранот.

[2]Овде „Откровението“ требаше да биде преведено „Книгата“, Ал-Китаб на арапски.

што би можеле тие да значат во однос на пророштвото.

Зборот „пророк“ значи некој кој зборува во име на Бог бидејќи тој „слуша“ во својата внатрешност што Бог му кажува нему. Ова го гледаме во животот на Исус. Со вашиот пријател муслиман, ве молам прочитајте ги зборовите на Исус во Јован 7:16 и Јован 8:26, соодветно: „Моето учење не е од Мене. Тоа до-аѓа од Оној кој Ме испрати.“ и „Оној што ме испрати е доверлив, и она што го слушнав од Него му го кажу-вам на светот.“

Од ова, можеме да заклучиме дека сè што Исус поучувал е од Бог Таткото. Кога го читаме Неговото убаво, етичко учење, се восхитуваме на тоа колку е поразлично од она на светот. На пример, во однос на суровото постапување од останатите човечки битија, Тој поучувал: „Љубете ги своите непријатели, правете им добро на оние кои ве мразат, благословувајте ги оние што ве проколнуваат, молете се за оние кои не се однесуваат добро со вас“ (Лука 6:27). А во однос на Бог, Тој поучувал: „Љуби го Господа, својот Бог со сето твое срце и сета твоја душа и сиот твој разум“ (Матеј 22:37, кој се сретнува и во Мојсеевиот закон, Второзаконие 6:5).

Исто така библиските пророци ја претскажале иднината. Тоа го гледаме и во Исусовото учење. На пример, Тој го претскажал уништувањето на Храмот во Матеј 24:2: „Вистина, вистина ви велам, ниту еден

камен нема овде да остане, секој еден ќе биде исфрлен.“ Ова се исполнило 40 години по Исусовата смрт, кога римскиот војсководец Тит го уништил Храмот во 70 г.

Но има повеќе. Претходно, Исус им го кажал ова разбивачко пророштво на бунтовните Евреи во Матеј 21:43: „На вас (Евреите) ќе ви биде одземено Царството Божјо и ќе му се даде на (нееврејскиот народ) кој ќе го даде својот плод.“

Во текот на последниот еврејски бунт, 133-135 г. целиот Ерусалим бил срамнет. Повеќе не постоела еврејската држава. Ова го означи крајот на стремежот на еврејскиот народ да стане Божјо Царство. Оттогаш, управата на проповедањето и поучувањето на Божјото Царство преминала на нееврејските верници, оние од нееврејските народи.

Покрај горенаведеното, Исус ги прорекол и Својата сопствена смрт и воскресение. Нека вашиот пријател муслиман го погледне овој пасус, Матеј 20:17-19, заедно со вас: „И кога Исус се искачуваше кон Ерусалим, ги зеде Дванаесеттмината насамо и им рече патем: ‘Еве, одиме горе кон Ерусалим, и Човечкиот Син ќе им биде предаден на првосвештениците и книжниците, и ќе Го осудат на смрт и ќе им го предадат на многубошците, за да Му се потсмеваат, да Го бијат и да Го распнат, и на третиот ден ќе воскресне!’“

Сега поведете го вашиот пријател муслиман низ Исаија 53 и споредете ги тамошните пророштва со исполнувањето на многу од оние пророштва што се наоѓаат во Матеј 26:47-28:15 и Лука 24:1-26:

- Исус беше предаден од еден од Неговите сопствени ученици, Јуда Искариот (употреби Псалм 41:9).

- Исус беше изведен пред првосвештениците, книжниците и старешините.

- Тие прашаа: „Дали ти си Христос, Синот Божји?“

- Исус им одговори дека Тој е Божјиот Син.

- Исус беше распнат помеѓу двајца разбојници каде што умре на крстот.

- На третиот ден откако беше погребан, Тој воскресна од мртвите.

- Воскреснатиот Исус им објасни на Своите ученици дека мора да се исполни сето она што го кажале пророците, имено, дека Христос ќе пострада за сите овие нешта и ќе влезе во Неговата слава.

На крај, читаме дека Исус го прорекол испраќањето на Светиот Дух во Јован 14:15-17а: „Ако ме љубите, ќе ги пазите Моите заповеди. И Јас ќе го молам Мојот Татко, и Тој ќе ви даде друг Утешител, за да биде со вас довека – Духот на Вистината.“

Ова беше исполнето на денот на Педесетница, десет дена откако Исус се вознесе на небото (Дела 2:1-41). Истиот Свет Дух им е ветен на сите оние кои ќе се покајат за своите гревови и ќе поверуваат во Господ Исус Христос.

## ИСУС КАКО ЗНАК ЗА СВЕТОТ

Вдахнавме во неа (девицата Марија) од нашиот Дух, и одредивме да биде, таа и нејзиниот Син, знак за световите.

Куран 21:91

А Јас, кога ќе бидам издигнат од земјата – ќе ги привлечам сите кон Себе. Тоа го рече за да покаже со каква смрт ќе умре.

Јован 12:32-33

Никаде во Куранот не читаме за тоа како Исус е знак за сите народи во светот. Сѐ што знае вашиот пријател муслиман е дека Нему Му е дадена книга наречена Инџил, која наводно била како водач на еврејскиот народ во тоа време. Ама тоа е далеку од знак, зарем не?

Ајде за момент да го погледнеме арапскиот збор Инџил. Тоа е арапско искривување на грчкиот збор еуангелион, што значи „добра вест“. Некои муслимански научници го знаат ова, но просечниот муслиман смета дека Инџил е само насловот на книгата што Бог му ја дал на Исус. Ќе биде ваша привилегијата да му објасните на вашиот пријател муслиман што всушност значи овој збор. Кога ќе го сторите тоа, се појавува прашањето, што е оваа „добра вест“?

Нашата прва трага доаѓа од приказната за ангелите кои им се појавиле на овчарите на ридот надвор од Витлеем, објавувајќи го раѓањето на Исус (Лука 2:10-11а). Замолете го вашиот пријател муслиман да го прочита овој стих: „Ангелот им рече: ’Не бојте се, зашто еве, ви најавувам добра вест, голема радост, која ќе биде за сите народи. Денес ви се роди Спасител, во Давидовиот град, Кој е Христос Господ’.“

Додека го читате ова со вашиот пријател муслиман, ќе сакате да нагласите дека Исус, кој беше роден од девица, навистина бил Божјиот „чудесен“ знак за сите народи во светот. Тој беше знак дека Бог го слушна плачот на светските народи за милост. Како што ангелот Господов му објасни на Јосиф (кој подоцна ќе се ожени со Марија), Исус ќе биде Спасителот. Ве молам заедно со вашиот пријател муслиман, прочитајте го овој стих од Матеј: „Таа ќе роди Син и ти ќе Му го дадеш името Исус, зошто Тој ќе го спаси својот народ од нивните гревови“ (Матеј 1:21).

За оние што се во „долината на смртната сенка“, Исусовото доаѓање на земјата навистина е „добра вест“. Поучувајќи го на заповедите својот млад ученик Тимотеј, апостолот Павле го искажал тоа на овој начин (1 Тимотеј 1:15): „Верно е словото и достојно – за полно примање: Христос Исус (Иса-ал-Масих на арапски) дојде во светот да ги спаси грешниците...“

Исус со Свои зборови ја објаснува Неговата намера со доаѓањето во светот (Лука 19:10): „Зашто Синот Човечки дојде да го бара и да го спаси изгубеното.“

Како Исус ќе го направи тоа е најважното прашање од ова проучување. Ајде да погледнеме во друг пасус каде што Исус го претскажува ова (Јован 12:32-22): „А Јас кога ќе бидам издигнат од земјата, ќе ги привлечам сите кон Себе. Тоа го рече за да покаже со каква смрт ќе умре.“

Исус пророкуваше дека ќе биде распнат. Затоа Бог го испрати во светот.

Ова требаше да биде „знак“ за сите народи во светот. Бог го испрати Својот Син да биде жртвено „Божјо Јагне кое ќе ги земе гревовите на светот“ (Јован 1:29). За тоа сведочат и други апостоли. Ве молам прочитајте што напишал апостол Павле во 1 Тимотеј 1:15: „Верно е словото и достојно – за полно примање: Христос Исус дојде во светот да ги спаси грешниците, од кои сум прв јас.“

И како што изјави апостолот Павле (1 Петар 2:24а): „Тој Сам во Своето тело ги понесе нашите гревови на дрвото (крстот), та ние, умирајќи за гревовите, да живееме за правдата.“

Во последната книга во Библијата, сето ова достигнува голема кулминација во сцените откриени

на апостол Јован. Заедно со вашиот пријател муслиман отворете во Откровение 5:6-9 и прочитајте:

> „Потоа среде престолот, видов Јагне, што стои како заклано... старешините паднаа пред Јагнето... и пееја нова песна, велејќи: 'Достоен си да го земеш книжниот свиток и да ги отвориш неговите печати, зашто беше заклан и зашто со Својата крв ги откупи за Бога од секое племе и јазик и народ и народност'."

Навистина, Исусовото раѓање, Неговото доаѓање во светот да ги спаси сите кои ќе поверуваат во Него, беше огромен знак. Неговото раѓање беше знак дека гревот ќе биде завршен, смртта победена, а вечниот живот ќе им се даде на сите кои поверувале во Него.

## ИСУС КАКО СВЕДОК

Јас сведочам за Себе и Мојот Татко, Кој ме прати, сведочи за Мене.

Јован 8:18

Во Куранот наоѓаме уште едно од описните имиња кои Му се дадени на Исус – Тој е наречен „сведок“. Но не е дадено објаснување на што сведочеше Тој. Пред да побараме од нашиот пријател муслиман заедно со нас да погледне во овие древни текстови за да дознаеме на што Исус бил сведок, ајде да го погледнеме овој курански стих[1]: „Им го кажав само она што ми го нареди ’Обожавајте го Алах (Бог) Господарот мој и Господарот ваш, И јас станав нивен сведок, постојано бев со нив...’“

Убавината на овој отскочен камен е што ја отвора вратата на целиот живот и служба на Исус! Неговата севкупна служба беше сведоштво за тоа како Бог гледа на сѐ. Ајде да погледнеме како Исус се објаснил себеси на Неговата сопствена генерација: „Зашто Јас не зборував Сам од Себе, туку Мојот Татко, Кој ме прати, Тој ми даде заповед што да речам и што да зборувам“ (Јован 12:49-50).

[1]Наводно, зборува Исус.

Вашиот пријател муслиман никогаш не мислел на Бога како Татко. Всушност, тој или таа можеби биле поучени дека не е соодветно да размислуваме за Бог на тој начин. Само потсетете го вашиот пријател дека од почетокот, Бог, во Мојсеевиот закон, нам ни се објави како Татко (Второзаконие 32:6б: „Не е ли Тој Твој Татко, усвоител, Кој те создаде, преку Кого постоиш?“).

Понатаму, гледаме дека Бог нашиот Татко го испрати Исус за да ги открие Неговите мисли. Ова ја вклучува Божјата оценка за светот на бунтовните мажи и жени. Ве молам прочитајте во Јован 7:7 каде што Исус зборува: „…Јас сведочам (сум сведок) дека она што го прави (светот) е зло.“ Писмото го опишува светот во 1 Јован 2:16 на следниов начин: „Зошто сè што е во светот - похотта на телото, похотта на очите и гордоста на животот, не е од Таткото, туку од светот.“

Но Исус дојде и да сведочи за Божјата љубов и да ја живее. Во 1 Јован 4:18, ги читаме овие прекрасни зборови: „Бог е љубов.“ Ја гледаме Неговата љубов манифестирана на толку многу начини. Со вашиот пријател муслиман, прегледајте ги следниве пасуси кои покажуваат како Исус сведочел за реалноста на Божјата љубов. Одвојте време додека седите со вашиот пријател муслиман и побарајте ги овие референции и размислувајте за нив и медитирајте за тоа колку е голема Божјата љубов манифестирана во испраќањето на Исус како Негов сведок. Запомнете

дека Исус рече дека го направил само она што видел дека го прави Неговиот Татко (Јован 5:19). Тој беше живо сведоштво на Бог во постапувањето со љубов и сочувство меѓу мажите, жените и децата.

- Тој го воскресна Лазар од мртвите (Јован 11:1-44).
- Тој му даде вид на слепороден човек (Јован 9:1-33).
- Исцелуваше лепрозни (Матеј 8:2-3).
- Ги избави луѓето од демони и ги исцели сите болни (Матеј 8:16).
- Тој ги сакаше малите деца (Марко 10:13-16).
- Нахрани илјадници гладни (Матеј 14:13-21).
- Тој им покажа на Своите ученици колку многу ги сака миејќи им ги нозете (Јован 13:5).
- Тој ѝ ги прости гревовите на жената фатена во прељуба (Јован 8:3-11).
- Тој им прости на Своите непријатели кои Го распнаа (Лука 23:34).
- Тој Им даде вечен живот на сите што поверуваа во Него (Марко 10:29-30).

Исус дојде во светот како сведок на Божјата љубов. Додека беше слободен да служи, Тој сведочеше со чудо по чудо каква беше Божјата љубов. Но до-

дека Исус се подготвуваше да го напушти светот, Тој стана сведок за Божјата љубов кон изгубеното човештво на еден поинаков, восхитувачки начин. Ајде да завртиме на пасусите што ги напиша Неговиот возљубен ученик Јован долго по Исусовото вознесување на небото (1 Јован 4:9-10, 14-17):

> „Во тоа ни се откри Божјата љубов, кон нас, што Бог го испрати во светот Својот Единороден Син за да живееме преку Него. Љубовта е во ова: не дека ние сме Го возљубиле Бога, туку Тој нѐ возљуби нас и Го испрати Својот Син како жртва помирница *за нашите гревови.*
>
> И ние гледавме и сведочевме дека Бог Таткото Го испрати *Синот како Спасител на светот*. Ако некој исповеда дека Исус е Син Божји, Бог останува во него и тој во Бога. И ние ја запознавме и верувавме во љубовта, која Бог ја има кон нас. Бог е љубов. Кој останува во љубовта, останува во Бога и Бог останува во него. Љубовта во нас дојде до совршенство во тоа ние *да имаме смелост во Судниот Ден*...“ (додаден нагласок).

Крстот беше крајниот израз на Неговото сведоштво! Тоа сведочеше за она што Бог го мисли за гревот: „Платата за гревот е смрт.“ (Римјаните 6:23). Исус беше распнат за нашите гревови. На крстот Исус сведочеше за степенот на Божјата љубов кон човеш-

твото: „Знаејќи дека не сте откупени со распадливи нешта, со сребро или со злато, од својот суетен живот што ви е предаден од вашите татковци... туку со скапоцената крв на Христа...“ (1 Петар 1:18-19). Тој нè спаси од суд. Тој стана наш Спасител.

Но Тој стана многу повеќе. Во последната книга од Библијата, ги читаме овие зборови: „Благодат вам и мир... од Исус Христос кој е верен сведок, Прво-роден од мртвите и Владетел на земните цареви“ (Откровение 1:4-6).

Само размислете за тоа! Исус, верниот сведок, воскресна од мртвите за да стане Владетел на земните цареви.

*Нему слава и моќ во вечни векови.* Амин.

# ИСУС КАКО ГЛАСНИК

Зборот „гласник“ во арапскиот Куран е „расул“. Тоа значи „оној што е испратен“. Овој збор често се преведува како „апостол“. За целите на ова проучување, избираме да го користиме значењето „оној што е испратен“. Ајде да погледнеме неколку стихови во Куранот кои го споменуваат Исус како Гласник, „Испратениот“:

> И на Муса (Мојсеј) ние му ја дадовме Книгата и по него пративме низа гласници (пратеници); И на Иса (Исус) синот на Мерјем (Марија) му дадовме јасни (знаци) и го зацврстивме со светиот дух (К. 2:87).

> Потоа по нивните траги (Ное, Авраам и другите пророци), ние испраќавме наши гласници: по нив го испративме Иса (Исус), синот на Мерјем (Марија), и му го дадовме Инџилот (Евангелието), а во срцата на оние кои го следеа, внесовме и доблест и милост (К. 57:27).

Десет пати во Куранот Исус се нарекува расул, „Испратениот“, „Гласник“ или „Апостол“. Сумирајќи ги мислите на двата горенаведени стиха, сликата што ја добива муслиманскиот читател е дека Исус бил „Испратениот“ на кој му биле дадени јасни знаци

(чуда) од Бог, бил оснажен со Светиот Дух и му било дадено Евангелието (Добрата вест).

Тоа е суштината на она што Куранот го кажува за Исус како Гласник, „Испратениот“.

Во светлината на она што го знаеме од евангелиските извештаи, забележете што е изоставено. Горенаведените курански стихови не укажуваат на тоа дека го испратил Отецот, ниту пак, која била Неговата мисија. Ве молам поканете го вашиот пријател муслиман да погледне со вас во Евангелието за да дознае, според зборовите на Самиот Исус, која била Неговата мисија и како Тој се објаснил Самиот на Својата генерација. Ајде да почнеме со Исусовите зборови во Јован 6:38-40:

> „Зошто Јас слегов од небото, не за да ја вршам Мојата волја, туку волјата на Оној кој ме испрати. И ова е волјата на Оној што ме испрати, да не изгубам ништо од сето она што ми го даде, туку да го воскреснам во последниот ден. Зашто тоа е волјата на Мојот Татко, секој што ќе Го види Синот и поверува во Него – да има вечен живот, и Јас ќе го воскреснам во последниот ден.“

Има толку многу спакувано во овие едноставни зборови на Исус. Ајде да се обидеме да ги истакнеме:

- Исус слезе од небото.

• Неговата мисија беше да ја изврши волјата на Таткото и тоа значеше дека нема да изгуби ништо од она што Бог Таткото Му го дал.

• Тој ќе ги воскресне од мртвите во оној ден кога ќе се врати.

• Волјата на Бог Таткото е секој што ќе се сврти кон Исус и ќе поверува во Него да има вечен живот и да воскресне во последниот ден.

Кога Исус рече дека слезе (беше испратен на земјата) од небото, Тој упатува на Неговото претпостоење од сета вечност како Божји Син. Ајде да погледнеме во Евреите 1:3, каде што читаме: „Синот е одблесок на Божјата слава и одраз на Неговото битие...“

Ова е Вечниот Бог кој беше наречен наш Татко во Мојсеевиот закон (Второзаконие 32:6), кој избра да се отелотвори преку Неговото Вечно Слово. И во Јован 1:14, Бог Словото стана тело во форма на Исус. Како Божји претставник, Тој беше полн со благодат и вистина и Го објави Бога (Јован 1:18) бидејќи Бог, во Својата љубов, сакаше да се објави Себеси.

Мисијата на Исус беше да ги спаси сите луѓе што Бог Таткото му ги даде. Запомнете, Иса во Куранот всушност бил наречен Јешуа на оригиналниот јазик на Библијата, и ова е збор што значи „Спасител“. Исус, Гласникот, беше испратен како Спасител за да го спаси Божјиот народ од неговите гревови

и последователната смртна казна и пекол. Бог го стори тоа затоа што нè сакаше. Зашто Библијата вели Бог е љубов (1 Јован 4:8, 16). Како последица на тоа, Исус кој го претставува Бог Отецот е љубов на дело, кој ја извршува волјата на Таткото. Во љубовта Исус се даде Себеси како откупнина за сите нас.

Втората цел на Исус беше да ни даде вечен живот, што значеше дека Тој ќе нè воскресне на последниот ден, ќе ни даде победа над гревот и смртта за да можеме да живееме во присуството на Бог нашиот Татко цела вечност.

За да го стори ова, Исус мораше да ја победи смртта. Евангелието нè учи дека „платата за гревот е смрт“ (Римјаните 6:23). Исус дојде да умре за нас, да умре наместо нас, да ја плати таа казна за сите нас. Да беше Тој само телесен човек, можеби Неговата жртва би можела да се направи за некоја друга личност. Но ако е Син Божји, кој дојде од Отецот, и е едно со Отецот, тогаш Неговата жртва е бескрајно вредна.

Доволна за да се покријат гревовите на целиот свет. Еве што напиша апостолот Јован[1]: „Тој е жртва помирница за нашите гревови, не само за нашите, туку и за гревовите на целиот свет“ (1 Јован 2:2).

[1]Не Јован Крстител, туку еден се мисли на еден од дванаесетте Исусови Апостоли.

Една друга точка за размислување е следнава: Ако Исус беше обичен човек и Тој требаше да умре, тогаш Тој немаше да биде таму за да нѐ одведе со Него во вечноста. Но ако Тој навистина е Вечниот Син Божји, во потполно единство со Бога Отецот, тогаш Тој ќе биде овде за цела вечност за сите ние кои веруваме во Него. Драг пријателе, прочитај како тоа го кажал апостолот Јован во Јован 1:12-13: „А на сите кои Го примија им даде власт да станат Божји деца – на оние кои веруваат во Неговото име: кои не се родија ниту од крв, ниту од телесна похот, ни од волја на маж, туку од Бога.“ Тогаш ова навистина е Евангелието, Добрата вест.

## ИСУС КАКО ОТКРОВЕНИЕ (КНИГАТА)

Куранот изобилува со отскочни камења: референции за Исус кои секогаш нѐ навраќаат кон оригиналниот изворен материјал во Божјото Слово - Библијата; зборови кои го разјаснуваат она што е нејасно и на крајот го водат верниот читател до вечните вистини.

Куранот 19:30 изјавува[1]: „Јас навистина сум Божји слуга: Тој ми го даде Откровението (вистинскиот збор на арапски е Ал-Китаб, што значи Книгата) и ме направи пророк“ (додаден е нагласок).

*„Инџил“* е куранското име за книгата која Бог наводно му ја дал на Исус. Во друго проучување, ќе покажеме како „Инџил“ е арапска верзија на грчкиот збор „еуангелион“, што значи „Добра вест“. Колку прекрасно. Нашите пријатели муслимани веруваат дека Бог му ја дал на Исус книгата наречена „Добра вест“. Во ревидираниот превод на Куранот на А. Јусуф Али што го користиме, наоѓаме придружен стих (К. 57:27) кој вели: „Ние[2] му го дадовме Евангелието (арапски „Инџилот“) нему (Исус).

---

[1]Наводно Исус зборува како бебе во прегратките на неговата мајка.
[2]Наводно, Господ зборува.

Каква радост ќе биде да го поканите вашиот пријател муслиман на обиколка низ древните списи за да откриете неколку аспекти за тоа како се користи овој скапоцен збор „евангелие“ или „добра вест“. Помогнете му на вашиот пријател муслиман да ги пронајде следниве референции и прочитајте ги заедно.

Да започнеме со Марко 1:15: „Времето се исполни... и наближи Божјото Царство. Покајте се и верувајте во *добрата вест* (Евангелието)“ (додаден е нагласок). Каков пробудувачки повик е ова за Исусовите слушатели и за оние кои денес ги читаат овие зборови. Исус дојде да го претстави Божјото Царство. Тоа нема да биде од овој свет, како што Исус му објасни на римскиот управител (Јован 18:36), бидејќи овој свет поминува (1 Јован 2:17), а она што е трајно ќе остане (Евреите 12:28, непоколебливото Божјо Царство). Исус побара од своите слушатели да се покајат за одењето по патиштата на овој свет и да го бараат своето живеалиште во Божјото Царство (Матеј 6:33).

Сега ајде да погледнеме во службата на Исус и да видиме што Тој проповедал и правел. Ве молам завртете со вашиот пријател муслиман на Матеј 4:23: „И Исус обиколуваше по цела Галилеја, учејќи во нивните синагоги (збирни места) и проповедајќи го *Евангелието* за царството, и лекувајќи секаква болест и секаква немоќ меѓу народот“ (додаден е нагласок). Новиот елемент овде е дека Божјото Царство е ока-

рактеризирано со исцелување на сите болести што го мачат човештвото. А има и повеќе. Во Матеј 8:16, читаме: „А кога настапи вечер, Му доведоа (м)ногу опфатени од демони, а Тој со збор ги истера (злите) духови и ги исцели сите болни...“

Добрата вест е дека луѓето ќе бидат исцелени и ослободени од измачувањето на демоните. Овие ќе бидат ознаките на Божјото Царство овде на земјата.

Постојат повеќе аспекти на оваа „добра вест“, на евангелието. Се сеќавате на приказната за Исусовото раѓање? Што им кажа ангелот на овчарите? „...Ви најавувам *добра вест*, голема радост... денес... ви се роди *Спасител*; Кој е *Христос Господ* (Лука 2:10-11) (додаден е нагласок). Покрај исцелувањето и изгонувањето демони, Исус ќе биде Спасител – спасувајќи нè од последиците на нашите гревови, па дури и од самата смрт, и Тој ќе биде наречен *„Господ“.*

Значи, оваа книга, што се споменува во Куранот и која наводно му била дадена на Исус, онаа која е наречена „Добра вест“ или „Евангелие“, на арапски „Инџил“, не е книгата со која Исус ја поучувал Својата генерација, туку тоа е книга за Неговиот живот и служба овде на земјата. Невозможно е да се соберат сите овие богати детали на едно место. Но делот што е поврзан со нашето спасение од гревот и смртта е ставен во една формула која апостолот Павле ја цити-

раше вака: „Преку ова евангелие вие се спасувате... (3)ошто ви го предадов најнапред она што го бев и примил: дека *Христос умре за нашите гревови*, според Писмата, (и) дека е *погребан* и дека *воскресна на третиот ден*, според Писмата" (1 Коринтјаните 15:2-4) (додаден е нагласок). Без сомнение, ќе сакате да ги прочитате богатите детали и за тоа како Тој умрел и како повторно воскреснал. Можеме да ви предложиме, заедно со вашиот пријател муслиман, да го прочитате Матеј 26:28. Ќе одземе време, но Светото писмо е својот најдобар толкувач. Истакнете го следново:

• Исус го прорекол сопственото распнување (Матеј 26:2, 21).

• Исус ја приредил церемонијата со лебот и виното како симбол на Неговото прекршено тело и пролеана крв како знаци на Неговиот вечен завет со оние што поверувале (Матеј 26:26-28). Тој препорача тоа да се почитува до Неговото враќање на земјата (1 Коринтјаните 11:26).

• За време на Неговото судење, Исус призна дека Тој е Христос (Месијата, Ал-Масих) и Синот Божји, испратениот од Бог Таткото, кој ќе се врати кај Таткото по Неговата мисија да обезбеди вечен живот за сите оние кои поверувале во Него (Марко 14:61-62; Јован 17:20—26).

На крстот, Исус ја плати казната за сите наши гревови, ја вкуси смртта за секој човек, и потоа победоносно воскресна од гробот за да биде жив засекогаш. Од Таткото на небесата, Тој доби власт над сè што е на небото и на земјата. Тој е со нас секогаш, дури до свршетокот на светот (Матеј 28:18-20). „Христос Исус, Кој ја уништи смртта и ги светли животот и бесмртноста преку Евангелието“, Добрата вест, *Инџилот* (2 Тимотеј 1:10). *Ал-хумдалила*, слава на Бог.

# ИСУСОВАТА ТРПЕЗА ОД НЕБЕСАТА

*Види! Учениците рекоа: „О Исусе син Мариин! Може ли твојот Господ да ни испрати трпеза од небесата?“ Тој им рече: „Бојте се од Алах, ако сте верници.“ Тие рекоа: „Ние само сакаме да јадеме од неа, а срцата наши да бидат насладени, и да знаеме дека вистина ни зборуваше, и да бидеме сведоци на чудото.“ Рече Исус, синот Мариин: „О Алаху мој, Господаре наш! Испрати ни трпеза од небото, да ни биде празник и за првите од нас и за последните од нас – свечен празник (додаден е нагласок) и Знак од Тебе...“ Алах рече: „Ќе ви ја спуштам: па оној од вас, потоа, кој не верува, ќе го казнам, навистина. И тоа со казна со која нема да казнам никого од луѓето.“*

Куран 5:112-115

Во разни други пасуси од Куранот видовме дека Мухамед понекогаш добивал детали од различни библиски приказни заедно измешани. Запомнете, тој беше човек без основно образование и она што го знаел во врска со христијанството го добил слушајќи што му кажуваат христијаните. На пример, во куранскиот извештај за тоа дека Бог ги облекол Адам и Ева, Тој ги облекол во облека со многу бои. Додека Библијата вели дека Тој ги облекол со кожи од животни.

Овде Мухамед ги измешал деталите од приказната за Јосиф со извештајот за Адам и Ева.

Во горенаведениот курански пасус има неколку елементи од различни библиски извештаи кои се измешани. На пример, во Јован 6:30-31, Евреите бараат од Исус да направи чудо какво што направил Мојсеј: „Им даде да јадат леб од небото.“ Затоа, можно е овој извештај да е вметнат во куранскиот пасус. Но ова не е местото каде што сакаме да се задржиме во моментов.

Во горенаведениот цитат, од Куранот 5, зборовите *„свечен празник“* се подвлечени. Тоа се зборовите кои нè фасцинираат. Употребата на зборот „празник“ (*бајрам* на арапски) може да се однесува само на она што ние го нарекуваме „Господова вечера“.

За да му помогнеме на нашиот пријател муслиман да разбере што Мухамед можеби слушнал од христијаните, потребно е тој или таа да прочита два пасуса од Светото писмо што можат да ја расветлат оваа работа. Првиот е „Зашто лебот Божји е Оној кој слегува од небото и му дава живот на светот“ (Јован 6:33) и „Јас Сум живиот леб што слезе од небото“ (Јован 6:51). Овде Исус јасно изјавува дека Тој е животот. Во Него е животот (Јован 14:6), а надвор од Него е смртта (со други зборови, „Платата за гревот е смрт“, Римјаните 6:23).

Од пасусите во Евангелието по Јован погоре, покажете му сега на вашиот пријател што стори Исус ноќта пред да биде ставен на крстот. Ова го наоѓаме во Матеј 26:26-29:

> А додека јадеа, Исус зеде леб, благослови, го раскрши и им го раздаде на учениците и рече: „Земете, јадете, ова е Моето тело.“ Тогаш ја зеде чашата и заблагодари, им ја даде и рече: „Пијте сите од неа, зашто ова е Мојата крв на Заветот, која се пролева за мнозина, за проштавање на гревовите. Но, ви велам, отсега нема да пијам од овој лозов плод до оној ден, кога ќе го пијам со вас нов во Царството на Мојот Татко.“

Освен ако не ја прочитал Библијата, ниту еден муслиман никогаш не слушнал толку восхитувачки зборови. Веројатно при првото читање или слушање, нема да има разбирање што ова навистина кажува.

Како што почнувате да го објаснувате вистинското значење на Исусовите зборови погоре, не заборавајте да ги потсетите дека ова е *„свечениот празник“* кој се споменува во Куранот.

Ова нужно води кон дискусија за учењето на пророкот Езекиел: „И еве, оној кој ќе згреши, тој ќе умре“ (Езекиел 18:4б). Ова е само одраз на она што Бог го рекол во Мојсеевата Книга: „Да не јадеш од дрвото за познавање на доброто и злото, во денот кога ќе јадеш од него, навистина ќе умреш“ (Битие

2:17). Апостолот Павле истото ова го изјавил во неговото писмо до христијаните во Рим: Зашто платата за гревот е смрт, но благодатниот Божји дар е – вечен живот во Христа Исуса, нашиот Господ“ (Римјани 6:23).

*„Свечениот празник“* се однесува на нашата прослава на Исусовата смрт на крстот за нашите гревови, Неговиот дар на вечен живот за сите оние кои веруваат во Него, и ветувањето за Неговото враќање.

За понатамошен увид, можеби ќе сакате да завртите кон зборовите на апостолот Павле (1 Коринт. 11:23-30), а особено забележете ги зборовите: „Зашто, секојпат кога ќе го јадете овој леб, и ќе пиете од оваа чаша, ја навестувате Господовата смрт, додека дојде Тој“ (1 Коринт. 11:26). Нека Господ ве благослови и ве води додека ја отворате оваа света тема со вашиот пријател муслиман.

# ИСУС КАКО БОЖЈИ СЛУГА

Во Куранот, Исус, меѓу другото, се нарекува Божји слуга. Ќе погледнеме во следниве два курански пасуси и потоа ќе видиме како можеме да го употребиме тој концепт за да им помогнеме на нашите пријатели муслимани да разберат што кажува древната книга (Библијата) за Исус како слуга. Во Куранот 4:172 и 19:30 (превод на М.Х. Шакир) читаме: „На Месијата во никој случај нема да му биде мака да биде Божји слуга.[1]“ Тој[Исус] вели: „Јас сум навистина Божји слуга. Тој ми ја даде Книгата [која е, Евангелието] и ме направи пророк.“

Како што го започнуваме ова проучување со нашиот пријател муслиман, можеби ќе треба да го потсетиме дека Куранот во 3:50 и 5:46 тврди дека Исус дошол во Неговото време да го потврди она што беше во Законот Мојсеев. Со проширување на овој принцип на потврда на претходното Писмо, Тој исто така требаше да го потврди она што е во Давидовите псалми и пророците. Сепак, во Куранот не се споменува што потврдува Тој или како Тој ќе ги исполни овие пророштва и со зборови и со дела.

[1]За целите на ова проучување, „Алах“ е преведен како „Бог“.

Овде настапувате вие, мои пријатели христијани. Библијата е толку богата со детали за тоа што значи Исусовото слугување. Ваша е привилегијата да ги водите вашите пријатели муслимани сами да видат што е напишано во книгите пред да дојде Исус.

Овде, треба да ја имате отворено вашата Библија на Матеј 5:17, и заедно прочитајте ги зборовите на Исус: „Не мислете дека дојдов да ги поништам Законот и Пророците! Не дојдов да ги поништам, туку да ги исполнам."

Покрај ова, прочитајте еден друг начин на кој Исус ја изразил својата намера со доаѓањето: „[С]инот Човечки не дојде да му служат, туку да служи, и да ја даде Својата душа за откуп на мнозина!" (Марко 10:45).

Во Законот и пророците зборот „откупнина" се користи да означи „ плаќање цена за некој да се ослободи". Кога Исус требаше да ја започне својата служба, еден друг пророк по име Јован (Јахја на арапски) го виде Исус како доаѓа кај него за да се крсти и извика: „Еве го Божјото Јагне, Кое ги зема гревовите на светот" (Јован 1:29).

Пророкот Јован Крстител го знаел Мојсеевиот закон (датиран од 1400 година пр. н. е.) Тој знаел сè за жртвите споменати во него и во пророците. Тој знаел за Денот на помирувањето. На овој ден, првосвештеникот принесувал жртви за покривање или искупување на гревовите на народот. Можеби ќе

сакате да го прочитате Броеви 29:7-11, опишувајќи ги жртвувањата што треба да се направат на овој ден. Забележете ги референциите за жртвувањата на јагнето. Тие биле наречени „приноси за грев“. Со нив нечии гревови симболично биле измиени или откупени. Јован Крстителот препознал, како пророк, дека Исус ќе биде жртвеното јагне.

Јован Крстителот исто знаел дека во книгата на еден од големите пророци имало цел дел посветен на ова посебно, жртвено јагне. Заедно со вашиот пријател муслиман, обратете внимание на Исаија (напишан 700 години пред Христа) и прочитајте од 52:13 до 53:12. Ве молам обрнете внимание на следниве изјави:

- „Неговиот изглед беше поизобличен од кој било друг човек“ (52:14).
- „Беше презрен и отфрлен од луѓето“ (53:3).
- „Тој беше прободен за нашите беззаконија“ (53:5).
- „Беше одведен како јагне на колење“ (53:7).
- „Му го одредија погребението меѓу злочинците, а Неговиот гроб беше при богатите“ (53:9).
- „Поради страдањата на Својата душа ќе ја види светлината [на животот]“ (53:11).

• „Мојот праведен Слуга [Исус] ќе оправда множина и нивната вина ќе ја земе на Себе" (53:11).

Приказната за Исусовото страдање и распнување е запишана во сите четири евангелија. Заедно, тие формираат целосна слика. Би сакал да го предложам извештајот на апостолот Јован (Јован 19:1-20:31). Овде може да обрнете внимание на следново:

• Исус бил камшикуван со кожен камшик со парчиња метал во него за да му го исечат телото.

• На главата му беше стисната круна од трње и војниците Го удираа.

• Римскиот гувернер Го предаде да биде распнат.

• По неколкучасовно страдање, Исус извикал „Свршено е", а потоа умрел.

• Војниците Го прободеле со копје во ребрата да се уверат дека е мртов.

• Исус бил погребан во гробот на богат човек.

• На третиот ден, Исус воскресна од мртвите.

• Исус им го дал Светиот Дух на Своите ученици.

• Сето ова се случи, „за да верувате дека Исус е Христос, Божји Син, и верувајќи да имате живот во Негово име“ (Јован 20:31).

Сето горенаведено е илустрација на она што се подразбира во зборовите дека Исус ќе биде Божји слуга. Тој дојде да ја исполни Божјата волја како слуга. А која била Божјата волја? Таа е толку добро изразена во овој познат стих, „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3:16). Се работи за Божјата љубов кон изгубените грешници и за Неговиот план да ги спаси (откупи) сите што би поверувале преку Исус Месијата.

Апостолот Павле толку убаво го сумирал значењето на сето ова во следниот стих:

*[Исус Христос] кој, иако е во Божјо обличје, не го сметаше како грабнато тоа што е еднаков со Бога, туку се лиши Самиот Себе, и зеде обличје на слуга станувајќи сличен со луѓето. И откако се најде во лик како човек, Тој се понизи Самиот Себе и стана послушен до смрт - дури и до смрт на крст. Затоа и Бог го превозвиши и Му подари име, што е над секое име, и во Исусовото име да се поклони секое колено... и секој јазик да исповеда дека Исус Христос е Господ, за слава на Бог Таткото.*

*Филипјани 2:6-11*

## ИСУС КАКО ПРИМЕР

На многу начини, Куранот обезбедува можност христијаните целосно да ги запознаат нашите пријатели муслимани со она што тие го нарекуваат древни списи (Мојсеевиот закон, Давидовите псалми, Пророците и Евангелието) и на крајот со Исус кого не го познаваат. Така, овие внимателно одбрани стихови од Куранот служат како *отскочни камења до вечноста* за оние кои ќе поверуваат во Него. Во ова светло, сетете се што рече Исус во Неговата голема молитва до Бог Таткото во пресрет на Неговото распнување: „А ова е вечен живот: да те познаат Тебе, Единствениот вистински Бог, и Исус Христос, Кого си Го испратил“ (Јован 17:3).

Еден од овие прекрасни *отскочни камења* е пасус каде што Исус е наречен и слуга и пример. Ајде да погледнеме во Куранот 43:59: „Тој [Исус] е само слуга кого Ние го благословивме и го одредивме да биде пример за синовите Израилови.“

Претходното поглавје беше проучување за Исус како „слуга“. Забележавме дека Тој дојде да служи и да го даде Својот живот како откуп за мнозина. Во сегашното проучување, ве молам поканете го вашиот пријател муслиман заедно со вас да погледне во

Евангелието за да види како Бог го испрати

Исус да биде пример.

Како што започнуваме, свртете со вашиот пријател муслиман кон еден многу познат и многу сакан пасус каде што Исус Самиот нè поканува да дојдеме и да се поучиме од Него, (Матеј 11:28-20):„Дојдете при Мене сите, кои се трудите и сте обременети и Јас ќе ви дадам одмор. Земете го Мојот јарем на себе и научете се од Мене, зашто Јас сум кроток и понизен по срце и ќе најдете одмор на своите души. Зашто Мојот јарем е пријатен и Моето бреме е лесно.“

Во овој момент, можеби ќе треба малку да појасните. Кои се нашите товари? Накратко кажано, нашиот товар е нашиот грев и последователната смртна казна и судот кој следува.

Гревот е грев затоа што како таков се открива во Божјиот закон. Можеби ќе сакате да му го покажете на вашиот пријател муслиман стихот од 2 Коринтјаните 3:6, каде вели: „[Б]уквата [со други зборови, Законот] убива, а Духот оживува.“

Причината зошто Законот убива е тоа што осудува кога сме непослушни. На крајот на времето доаѓа судот. Така, гревот станува наш товар и нè остава во страв од смртта и судот. Исус дојде да го земе товарот од сето тоа.

Како што веќе дознавме, Исус дојде како Јагне Божјо, да ги земе врз Себе гревовите на целиот свет како жртва еднаш засекогаш, и да умре наместо нас,

со што ги задоволи барањата на смртната казна која беше врз сите нас. Ако веруваме во Него и во Таткото Кој Го испрати, тој човек „...има вечен живот и не доаѓа на суд, туку преминал [духовно] од смртта во живот" (Јован 5:24б).

Не само што Исус нè кани да дојдеме и да се поучиме на сето ова од Него, но Тој стана наш пример. Во овој свет, страдањето е универзално. Во секоја земја има неправди. Поради овие поплаки започнуваат војни. Но Исусовиот начин е поинаков. Тој му рекол на римскиот владетел кој владеел во Негово време: „Моето Царство не е од светов, ако моето Царство беше од овој свет, Моите воини би се бореле да не им бидам предаден на Јудејците, но Моето Царство не е оттука" (Јован 18:36). Тој го избра патот на страдањето, и следствено, стана пример за нас.

Мора да го прочитате стихот од погоре со вашиот пријател муслиман, а потоа свртете на 1 Петар 2:21, каде што читаме: „Зашто за тоа сте повикани, зашто и Христос страдаше за вас и ви остави пример, за да врвите по Неговите стапки."

Објаснете му на вашиот пријател муслиман дека Исусовата извонредна љубов го карактеризираше целиот Негов живот и служба. Како што на крајот од Својот живот се предаде Себеси како жртва за сите нас, така и во Неговите денови пред распнувањето, Тој ја покажа Својата љубов на навистина зачудувачки начин. Досега треба да ја имате отворено

вашата Библија на Јован 13:1-17, и заедно прочитајте. Исус знаел дека се приближува Неговото време да го напушти овој свет. Пред да умре, Тој кој дозволи да биде наречен „Учител“ и „Господ“ сакал да им го покаже на своите ученици целосниот обем на Неговата љубов. На нивно восхитување, Тој започнал да ги мие нозете на секој од Неговите ученици. Кога завршил, им рекол: „И така, ако Јас, Господ и Учител, ви ги измив нозете, и вие сте должни да ги миете нозете еден на друг. Зашто ви дадов пример и вие да правите онака како што ви направив Јас“ (Јован 13:14-15).

Каков пример бил Христос! Преку овие делови од Инџилот, Исус ни кажува дека Тој е „кроток и понизен по срце“. Тој се понизи за да им ги измие нозете на Своите ученици. Во својата љубов и понизност, Тој се предаде Себеси како жртвено Јагне за гревовите на целиот свет. Тој е неверојатен пример – како ниеден друг! И ние сме поканети да погледнеме кон Него сега. Ве молам прочитајте ги овие зборови од Евреите 12:2-3 заедно со вашиот пријател муслиман:

*Гледајќи во Исуса, Почетникот и Исполнителот на нашата вера, Кој поради радоста што беше пред Него го претрпе крстот, презирајќи го срамот, и седна оддесно на Божјиот престол. Имено, размислете за Него, Кој претрпе од грешниците такви противења против себеси, за да не се истоштите и за да не станете малодушни.*

# ИСУС КАКО СЛИЧЕН НА АДАМ

И во Куранот и во Библијата постои само една референција во секоја книга што го поврзува Исусовото име со ова на Адам. Куранската референција, Куран 3:59, е всушност прилично кратка, без дополнителни коментари. „Сличноста на Исус пред Бога е онаа на Адам. Тој го создал него од прав, а потоа му рекол ’Биди’ и тој стана.“ Импликацијата од оваа куранска референција е дека Исус е создаден и како резултат на тоа, не е вечен. Дел од референцијата за Адам во Куранот се однесува на оригиналниот извештај за создавањето во првата книга од Библијата, имено, Битие 2:7: „[Г]оспод го обликува човекот [’Адам’, на еврејски] од земниот прав и му дувна здив на живот во носалките. Така човекот стана жива душа.“

Кога ќе се свртиме кон пасусот во Библијата кој го поврзува името на Исус со она на Адам забележуваме нов и зачудувачки материјал што може да биде од интерес за вашиот пријател муслиман. Вашиот пријател заедно со вас нека го погледне следниов пасус во 1 Коринтјаните 15:42-49. Ова е во контекст на дискусијата за воскресението:

> „Така е и со воскресението на мртвите. Телото [човечко] се сее во распадливост, воскреснува

во нераспадливост. Се сее без чест [се однесува на распаѓањето по смртта], воскреснува во слава, се сее во слабост, воскреснува во сила. Се сее природно тело, воскреснува духовно тело.

Ако има природно тело, тогаш има и духовно. Така е напишано: 'Првиот човек Адам, стана жива душа; а последниот Адам - животворен Дух... Првиот човек [Адам] беше од прав, земјен, вториот човек [Исус] е од небото. Каков е земниот [Адам], такви се и земните; каков е небесниот [Исус], такви се и небесните. И како што го носиме обликот на земниот [Адам], така ќе го носиме и обликот на небесниот [Исус]'."

Секако, ниту еден муслиман нема никакво навестување дека Исус дошол од небото. Многупати му било кажано дека Исус бил само земјен човек, како првиот Адам. Затоа горниот пасус од Библијата ќе биде спротивен на сите муслимански однапред смислени идеи. Како одговор на горенаведениот пасус, вашиот пријател муслиман можеби ќе каже дека Библијата била променета. Ве молам потсетете го вашиот пријател дека Куранот ги потврдува претходните Писма (К. 10:37), и дека Божјиот Збор не може да биде променет (К. 6:34) и доколку муслиманот сака дополнително разбирање во однос на некое прашање, ќе треба да се консултира со оние кои ги имале овие антички книги пред да се појави Куранот

(К. 10:94). Исто, можеби ќе сакате да го упатите вашиот пријател кон материјалот во воведот за автентичноста на Библијата каква што ја имаме денес.

Ако вашиот пријател сака да продолжи со вас, можеби ќе сакате да се повикате на други пасуси, кои зборуваат за Исус кој слезе од небото да ја врши Божјата волја. Ве молам потсетете го вашиот пријател муслиман дека Бог е дух, и затоа нема физичко тело како што имаме ние. Потсетете го вашиот пријател дека Бог избра вечно да се изразува Себеси како Слово и дека ова Слово стана тело и пребива меѓу нас (Јован 1:14). Понатаму, за да ни се изрази во најразбирлива можна форма, Бог Таткото го испрати Исус како одраз на самиот Себеси (Евреите 1:3), но како човек – совршен човек. Исус, кој со Свои зборови, кажал работи како:

- „Зашто не слегов од Небото да ја извршувам Мојата волја, туку волјата на Оној, Кој Ме испратил“ (Јован 6:38).
- „Јас Сум живиот леб што слезе од небото“ (Јован 6:51).
- „Не дојдов Сам од Себе, туку е вистински Оној Кој ме пратил, Кого вие не Го познавате. Јас Го знам, зашто Сум од Него и Тој ме прати“ (Јован 7:28б-29).

• „[В]ие сте оддолу, [земјени]; Јас Сум одозгора [од небото]. Вие сте од светов; Јас не Сум од светов“ (Јован 8:23).

• „[А]ко Бог беше ваш Татко, ќе Ме љубевте Мене, зашто Јас од Бога излегов и дојдов. Не дојдов Сам од Себе, туку Тој ме прати“ (Јован 8:42).

• „Излегов од Таткото [Бог] и дојдов во светот; сега пак го оставам светот и одам при Таткото“ [преку Неговата смрт, воскресение и вознесение] (Јован 16:28).

• „А ова е вечен живот: да Те познаат Тебе, Единствениот вистински Бог, и Исуса Христа, Кого си Го испратил“ (Јован 17:3).

• „Татко, сакам оние, кои си Ми ги дал, да бидат со Мене таму каде што Сум Јас, за да ја гледаат Мојата слава, што Ми ја даде, зашто Ме љубеше пред создавањето на светот“ (Јован 17:24).

Додека седите со вашиот пријател муслиман, можеби ќе сакате да продолжите со објаснување на следново, можеби со овие зборови:

Сите ние, во нашата сегашна состојба, сме како првиот Адам. Ние исто, како него, ќе се вратиме во прав, освен ако Бог не ни даде вечен живот. Прекрасната работа е што Бог сака да се спасиме; сака да ни даде вечен живот во небесната земја. За да го

стори ова, Тој го испрати Исус да се справи со нашите проблеми. Исус во својот животен век Го реши нашиот проблем со гревот со тоа што ги зеде нашите гревови врз Неговото тело и умре на крстот за нас (2 Коринт. 5:21). Тој ја победи смртта воскреснувајќи од мртвите. И Тој го победи сатаната со тоа што никогаш не направи грев и ги исполни сите барања на Божјиот закон за сите нас кои веруваме.

Така како што во првиот Адам сите паднавме под смртна казна, сега, во последниот Адам [Исус], благодарение на верувањето во Него, се врзуваме со Него во Неговата огромна победа над смртта, и ќе го носиме Неговиот свет лик – природата и карактерот на Оној што Таткото го испрати да нѐ спаси. Во оваа смисла, значи, последниот Адам [Исус] е живототворен Дух, Кој ни дава вечен живот.

Кажете му на вашиот пријател муслиман дека за да го добиете овој вечен живот, неопходно е да верувате во Исус и во тоа Кој е Тој навистина. Ова се зборовите на самиот Исус:

*[К]ој го слуша Моето слово и верува во Оној Кој Ме прати, има вечен живот и не доаѓа на суд, туку преминал од смртта во живот.*

*Јован 5:24*

## ИСУС КАКО МЕСИЈА

Ве молам уште еднаш, со вашиот пријател муслиман обрнете се кон овој често цитиран стих кој толку многу кажува за Исус, Куран 3:45: „Видете! Ангелите рекоа: 'О Марија! Бог ти носи радосна вест од Неговиот Збор: неговото име ќе биде Исус Христос, синот на Марија, кој ќе биде виден на овој свет и на идниот и еден е меѓу блиските на Бога'."

На арапски „Исус Христос" е прикажан како „Иса ал Масих". „Масих" е арапската форма на еврејскиот збор „Машијах".

Еврејскиот збор „Машијах" значи „Помазаник". На грчки јазик зборот за „Помазаник" е „Кристос" или „Христос". Интересно е да се забележи дека во Куранот, арапскиот збор „Ал-Масих" се користи единаесет пати и секогаш се пренесува на англиски како „Христос" од преведувачот Абдула Јусуф Али.

Тука настапувате вие, пријатели христијани. Ваша ќе биде привилегијата да им го објасните ова.

Во ова проучување, ако вашиот пријател муслиман го познава Куранот, ќе ги знае деловите каде што се вели дека Христос не бил ништо повеќе од апостол (К. 4:171), дека Исус не бил Бог (К. 5:17), и де-

ка христијаните[1] го нарекувале Исус „Син Божји“. Во ова проучување, не сакаме да навлезете во полемика со вашиот пријател муслиман. Според тоа, предлагаме да ја отворите темата вака:

„Драг пријателе, бев фасциниран што прочитав во твојата света книга дека Исус се споменува толку многу пати и дека е наречен „Христос“, што е грчки превод на оригиналниот еврејски збор „Машијах“, и имам слушнато дека во Куранот, зборот е „Ал-Масих“. Но никаде во Куранот не се дава значењето на овој збор. Тоа всушност значи „Помазаникот“. Се прашував дали би сакал да ги видиш фасцинантните начини на кои овој збор се појавува во Инџилот? Ако си заинтересиран, ајде да погледнеме три или четири пасуса.

„Најнапред, кога Господовиот ангел го најави раѓањето на Исус [Иса] на овчарите на ридот надвор од Витлеем[2], тој им рече: ’Не бојте се, зашто, еве, ви најавувам добра вест, голема радост, која ќе биде за сите народи. Денес ви се роди Спасител, во Давидовиот град, Кој е Христос [Ал-Масих] Господ’ (Лука 2:10-11). Овде гледаме дека Христос, Помазаникот [Ал-Масих] е наречен ‘Спасител’ и ‘Господ’.“

Следно, можеби ќе сакате да го водите вашиот пријател до приказната за првиот апостол на Исус,

---

[1]На арапски, Назари, очигледно е изведен од зборот „Назарет“, градот во кој израснал Исус.
[2]Град на денешниот Западен Брег.

по име Филип, кој го запознал својот пријател Натанаил со Исус. Заедно прочитајте во Јован 1:43-51. Обрнете внимание на Исусовата способност да го прочита карактерот на една личност и да знае што размислувал Натанаил кога бил надвор од видното поле под една смоква. Одговорот на Натанаил бил навистина неверојатен. Тој извика: „Рави [Учителе], Ти си Божји Син! Ти си Израелев Цар.“ Овде, изразот Божји Син упатува на тоа дека Исус требало да биде цар.

Подоцна, во својата служба, Исус ги прашал Своите ученици што мислат Кој е Тој (Матеј 16:15). Размислете како, до тоа време, учениците виделе многу чуда, вклучувајќи ги и оние што се наведени во првите петнаесет поглавја од книгата по Матеј:

- Исцелување на секоја позната болест.
- Избавување луѓе од демони.
- Нахранување 5000 мажи плус жени и деца од пет леба и две риби.
- Нахранување 4000 луѓе од седум леба и неколку мали риби.
- Давање власт и моќ на Своите ученици да го проповедаат Царството Божјо, да исцелуваат болни, да изгонуваат демони и да воскреснуваат мртви.

Учениците исто го слушнале целото Негово големо поучување. Во светлината на сето горенаведено, апостолот Петар, како одговор на Исусовото прашање, возвратил: „Ти си Христос, Син на живиот Бог“ (Матеј 16:16). Наместо да го укори Петар што го нарекол „Син на живиот Бог“, Исус го нарекол Петар „благословен“ и му рекол дека Таткото во небесата му го открил тоа нему (Матеј 16:17).

Во друго проучување ја испитуваме приказната за Исусовото исцелување на слепородениот човек. Исус му дозволи на човекот со обновен вид да Го нарече „Господ“ и да Му се поклони (Јован 9:38). Во приказната за воскреснувањето на Лазар од мртвите, читаме дека Марта му рекла на Исус: „Верувам дека Ти си Христос [Помазаникот] Кој треба да дојде во светов“ (Јован 11:27).

При Христовото распнување, кога темнината ја покри земјата, кога завесата на храмот беше расцепена од врвот до дното, кога земјата се растресе и карпите се расцепкаа, римскиот војник кој беше на должност таму рече: „Навистина Овој беше Божји Син“ (Матеј 27:54).

Откако Тој воскресна од мртвите, Тој одеше со двајца од Неговите ученици и им го отвори умот да ги разберат сите пророштва кои беа исполнети со Неговата смрт и воскресение и Тој им рече (Лука 24:46-47): „Така е напишано, дека Христос [Помазаникот, Ал-Масих] треба да пострада и да воскресне на тре-

тиот ден, и да биде проповедано во Негово име покајание и прошка на гревовите на сите народи, почнувајќи од Ерусалим.“

Исус, Христос, Ал-Масих Помазаникот, навистина е она што сведочеа сите горенаведени, Господ, Син Божји и Спасител на светот.

# ИСУСОВИТЕ УЛОГИ ВО ВЕЧНОСТА

## ИСУС КАКО СОЗДАТЕЛ

Почитуван пријателе христијанин, додека се обидуваш да се поврзеш со твојот пријател муслиман или сосед, сети се дека тој или таа веќе имаат однапред смислена идеја, научена од Куранот, дека Исус бил само пророк во Неговото време. Муслиманите веруваат дека Тој бил само смртен човек, со сигурност многу посебен човек, но не и божествен.

Почитуван пријателе муслиман, додека го читаш ова проучување, запомни дека она што е кажано во Куранот е кажано за потврда на Писмата коишто постоеле пред него: „И Ние Тебе секако, ти објавивме Книга со вистина, Потврда за Книгата што му се објави претходно...“ (К. 5:48). Те покануваме да останеш со нас додека се навраќаме на тие скапоцени книги за поцелосни детали.

Додека ја разгледуваме оваа тема за Исус како Создател, прво ќе го разгледаме куранското сведоштво за тоа, а потоа и древните Списи што Куранот наводно ги потврдува.

Во Куран 3:49, следниве зборови му се припишуваат на Исус: „...Ќе создадам за вас нешто, навистина од кал што ќе биде слично на птица, и ќе дув-

нам во него и со одобрението Алахово, ќе стане птица...“ Во Куран 5:110, наводно Бог му зборува на Исус кога вели: „Па дувна во тоа и стана ете, со одобрението Мое, птица.“

Ова се необични зборови за нас кои имаме многу поцелосен опис за Исусовите активности во Новиот Завет. Но не смееме да бидеме изненадени кога ќе ги земеме предвид видовите приказни што кружеле во околината на Мухамед (570-632 година н. е.) Постои цела литература наречена „Апокрифни евангелија“ во која наоѓаме цитат што му се припишува на „Евангелието на Тома“, книга од петтиот или шестиот век напишана на сириски јазик. Ова таканаречено евангелие, се разбира, никогаш не било дел од вдахновените списи што ги нарекуваме Новиот Завет.

Ова е цитатот кој Мухамед го слушнал во свое време: „И откако направи мека глина, од неа направи дванаесет врапчиња... Исус плесна со рацете и им извика на врапчињата и им рече: ‘Одете!’ И врапчињата полетаа и си заминаа црцорејќи“ (Јаков 1924, стр. 49). Од овој вид заднински информации можеме да видиме дека Мухамед бил верен на информациите што ги имал при рака, имајќи предвид дека Библијата не била преведена на арапски до повеќе од сто години по смртта на Мухамед.

Водејќи го нашиот пријател муслиман до античките Книги [Библијата], ние веќе проучивме еден

*„отскочен камен“* каде што Исус се нарекува „Божјо Слово“ и во Куранот (К. 3:45 К.4:171) и во Библијата (Јован 1:1-3, 14). Посебно, сакаме да ги разгледаме зборовите во Јован 1:3: „Сè стана преку Него [Исус, Божјото Слово], и ништо, што стана, не стана без Него.“

Сега ако Исус беше само обичен човек, ова немаше да биде возможно. Но во истиот пасус, Јован 1:1, читаме: „Во почетокот беше Словото, и Словото беше во Бога, и Словото беше Бог.“ Исус беше повеќе од обичен човек. Тој тврдеше дека е едно со Бог Таткото (Јован 10:30). Тој рече дека оној кој Го видел Него го видел Таткото (Јован 14:9) и дека Тој е во Таткото и Таткото е во Него (Јован 10:38).

Во деновите на неговата служба на земјата, читаме за Исусовата креативна моќ. Поканете го вашиот пријател муслиман заедно со вас да погледне во Јован 2:1-11, каде што Исус ја претворил водата во вино на една свадбена забава. Или завртете на Јован 6:1-15, каде што тој умножил пет мали леба од јачмен и две мали риби во доволно храна за да нахрани пет илјади луѓе со преостанатите дванаесет кошници храна.

Кога ќе дојдеме до другите писатели на Новиот Завет, читаме за целосниот обем на Исусовото Божество како Создател. Во писмото до црквата во Колос, со вдахновение на Светиот Дух, Павле го напишал ова: „Зашто во Него [Исус] е создадено сè што е

во небесата и на земјата, видливо и невидливо, било престоли, или господства, или началства, или власти, сè е создадено преку Него и за Него“ (Колос. 1:16). Ова ништо не изоставува, нели?

Дури и Соломон го разбрал тоа кога напишал за Христос кој доаѓа (персонифицирана мудрост), цитирајќи ги Христовите тврдења: „Вообличена сум уште од вечноста, од почеток, пред создавањето на земјата... бев покрај Него [покрај Бог Таткото] како градежничка...“ (Изреки 8:23,30).

Конечно, во книгата до Евреите, го читаме следново:

> Бог, Кој од стари времиња, многупати и на многу начини им зборуваше на нашите татковци преку пророците, во последниве денови ни зборуваше преку Синот, Кого Тој [Бог Таткото] Го постави за наследник на сè, и преку Кого ги создаде вековите. Тој е одблесок на Неговата слава и одраз на Неговото битие, Кој носи сè со Своето силно Слово (Евреите 1:1-3а).

Му благодариме на Бога што оваа мала референција за креативноста на Исус беше пронајдена во Куранот за да можеме да ја искористиме за да нè наврати до античките Писма и да најдеме најцелосен можен опис за тоа Кој навистина е Исус како Создател, посредувањето на Исусовата волја во доведу-

вањето на сите нешта во постоење преку Неговото моќно Слово.

Но, има повеќе. Исус има моќ и власт повторно да нè создаде. Ве молам прочитајте ги овие чудесни зборови во 2 Коринтјаните 5:17: „И така, ако е некој во Христа, тој е ново создание; старото помина, ете, сè стана ново.“

И последно, читаме дека Исус ќе нè воведе во нов свет. Погледнете ги овие зборови во 2 Петар 3:13: „А ние, според Неговото ветување, очекуваме нови небеса и нова земја, во кои пребива правдата.“

Ќе бидеме новосоздадени, ако веруваме во Него, и ќе бидеме дел од Неговата нова земја каде што сè ќе биде добро.

Дојди кај него, драг пријателе. Слушни ги неговите последни зборови во Писмото:

„Ете, правам сè ново.“

Откровение 21:5

## ИСУС КАКО НАЈБЛИЗОК ДО БОГ

Каква радост е да се земат овие курански референции за Исус и да се употребат како отскочни камења назад до богатството на античките Писма. Исус од Куранот до Библијата е патека на задоволство.

Досега неколку пати погледнавме во Куран 3:45. Преполн е со богати референции за многуте аспекти од влегувањето на Исус во светот. Во ова проучување, ќе ја разгледаме фразата „Исус... еден од најблиските до Бога.“ Ова е целосниот стих: „Ангелите рекоа: ’О Марија, Бог навистина ти носи радосна вест, од Него збор. Неговото име ќе биде Христос Исус, син на Марија, ќе биде виден и на овој свет и на идниот и еден е меѓу блиските на Бога’“ (нагласено).

Што значи ова „меѓу блиските на Бога?“ За среќа, самиот Куран ни дава начин да дознаеме. Трагата се наоѓа во Куран 5:68: „О народу на Книгата! Вие не сте ништо додека не се придржувате кон Тората, Евангелието и кон она што ви е објавено од Господарот ваш.“

За да го разјасниме она на што можеби алудира Куранот, задоволство ни е да се консултираме со библискиот материјал. За нас ова доаѓа во две епохи:

деновите на Исусовата служба на земјата, а потоа по Неговото вознесение на небото, зборовите што Тој му ги кажа на апостол Јован во последната книга од Библијата наречена „Откровение“.

Ништо не е повеќе откриено од интимноста на нечиј молитвен живот. Што би се молел еден човек истата ноќ кога ќе биде уапсен и измачуван како подготовка за неговото погубување на крст следниот ден? Ние го имаме тоа! Исусовата голема молитва може да се најде во Евангелието на апостолот Јован. Целото поглавје 17 е Исусовата молитва. Поканете го вашиот пријател муслиман да седне со вас додека го читате ова на глас или нека го прочита тој или таа. Откако ќе завршите, ви предлагаме да се вратите назад и да ги обележите следните извадоци од оваа молитва: „Јас те прославив на земјата, го свршив делото, што Ми го даде да го извршам. А сега, Татко, прослави Ме Ти – во Себе Самиот – со славата што ја имав при Тебе, пред создавањето на светот“ (Јован 17:4-5). „Но не се молам само за нив [Неговите ученици]. Туку и за оние, кои преку нивните зборови – ќе веруваат во Мене, за да бидат сите едно, како што си Ти, Татко, во Мене, и Јас во Тебе“ (Јован 17:20-21а).

Забележете две работи во горенаведеното: 1) Исус беше со Таткото пред создавањето на светот, и 2) Исус и Таткото се едно – Таткото е во Исус и Исус е во Таткото.

Ова е нешто најблиско. Ова е ехо на она што Исус го кажа претходно во Неговата служба: „Јас и Татко Ми едно сме“ (Јован 10:30). Понатаму:

> „Кој ме видел Мене, Го видел и Таткото, тогаш како велиш ти: ‘Покажи ни Го Таткото!’ Не веруваш ли дека Јас Сум во Таткото и дека Таткото е во Мене? Зборовите што ви ги кажувам, не ги зборувам од Себе; Таткото, Кој е во Мене, Тој ги прави делата. Ве-рувајте Ми дека Јас Сум во Таткото и Таткото во Мене, ако пак не – верувајте заради самите дела.“ Јован 14:9б-11

Ништо не може да биде појасно од овие изјави. Тие драматично го зајакнуваат библиското учење од почеток до крај дека Бог е еден. Не само што Исус е меѓу најблиските до Бога, како што потврдува Куранот, туку Тој е суштински израз на Бог во човечка форма. Овие зборови од воведното поглавје на Евангелието според Јован толку јасно го кажуваат тоа: „Бога никој никогаш не Го видел, Единородниот Син Бог, Кој е во прегратката на Таткото, Тој Го објави“ (Јован 1:18).

За да цитираме од друго место во Светото писмо, во Евреите 1:2-3а, го читаме следното: „[В]о последните денови ни зборуваше Преку Синот, Кого Го постави за наследник на сè, и преку Кого ги создаде вековите. Тој е одблесок на Неговата слава и одраз на Неговото битие.“

Интимноста меѓу Бог Таткото и Бог Синот е повеќе од „блиска“. Тие се едно! Колку и да е тешко да се разбере ова, сепак е многу важно. Исус знаеше Кој и што е Тој. Таткото Го испрати како Свој одблесок во светот. Затоа Исус во Јован 5:23б кажува: „Кој не Го почитува Синот, не Го почитува ни Таткото, Кој го пратил.“

На симболичен јазик, во последната книга од Библијата гледаме колку Исус е близок со Бог (Откр. 5:13):

„И го чув секое создание, кое е на небото и на земјата... како пеат: ‘На Оној, Кој седи на престолот, и на Јагнето, благослов и чест, и слава и власт, во сите векови!’“

# ИСУС КАКО БОЖЈО СЛОВО

Додека ја разгледуваме оваа тема – Исус како Божјо Слово, има одредени работи кои треба да ги имаме на ум. Првата е дека муслиманите се научени на поразлични гледишта за Исус Христос од оние во Библијата. Ова може да ги води муслиманите кон тоа да аргументираат.

Вашиот став, вашето однесување првично може да биде уште поважно од она што го кажувате. Како да се поврзете со вашиот пријател муслиман? Во следниот пасус, каде што апостолот Павле го советува својот млад ученик Тимотеј, го читаме следниот совет:

> „Отфрли ги безумните и неразумните распрашувања, знаејќи дека раѓаат борби. А Господовиот слуга не смее да се расправа, туку треба да биде кроток кон сите, способен да поучува и да трпи; да ги воспитува со кроткост оние кои се противат, та не би ли им дал Бог покајание, за полно познавање на вистината, за да се отрезнат од мрежата на ѓаволот, кој ги заробил за да ја исполнуваат неговата волја“ (нагласено)(2 Тимотеј 2:23-26).

Она што го правиме има и „вистинита“ димензија, исто како и „духовна“. Вашиот пријател е во

канџите на моќна измама. Па така, додека заедно размислувате, мора да бидете и во молитва дека Бог, преку Својот Дух, ќе го отстрани превезот од нивните умови, и на вашиот пријател ќе му даде благодат да го прими она што ќе го споделите со него. Исто, имајте ги на ум овие квалитети во вашето однесување*: Не расправајте се. Бидете кротки. Бидете способни да поучувате (подгответе се себеси). Немојте да бидете огорчени. И над сето тоа, бидете љубезни.*

Ајде сега да погледнеме во нашите клучни стихови во Куранот. Првата референција се наоѓа во пасусот каде што Мухамед ја прераскажува приказната за ангелот Гаврил кој ѝ се појавил на Марија за да го најави раѓањето на Исус; втората референција е местото каде што Бог наводно ги предупредува христијаните да не бидат прекумерни во својата религија: „О Мерјем! Алах [Бог] навистина ти носи радосна вест од Неговиот Збор: неговото име ќе биде Христос Исус, син на Марија..." (К. 3:45). „Исус Христос синот на Марија беше Божји гласник и Слово од Него..." (К. 4:171).

Ве молам игнорирајте секаква дискусија, ако можете, за нагласокот на Мухамед дека Исус е син на Марија. Ова бил омилениот израз на Мухамед, позајмен од христијанска секта која Исус го именувала на овој начин. Ако е можно, не навлегајте во дискусија за тоа дека Исус е Божји Син.

Ние мора да се задржиме само на фразите „Слово од Него“, и „Негово Слово“. Во вековите по смртта на Мухамед, муслиманските теолози дебатирале на прашањето за тоа дали Божјото Слово е создадено или несоздадено. Во времето на најпознатиот муслимански коментатор, Ал-Бидави, кој починал во 1291 година н. е., муслиманските научници одлучиле дека Божјото Слово било несоздадено, односно вечно. Запомнете го ова, затоа што ова води кон употреба на нашето сопствено инспирирано (вдахновено) Писмо.

Вашиот пристап би можел да изгледа вака:

> *Махбуб [м*усиманско име што значи „возљубен“], прочитав во вашиот Куран дека Исус се нарекува „Слово од Бога“, и „Негово [односно, Божјо] Слово“. Но во Куранот не најдов повеќе објаснување за тоа што прави или што е Божјото Слово [Исус]. Па затоа се свртев кон античките Писма, кои ги препорачува Куранот доколку сакаме дополнително просветлување на некоја тема (К. 10:94) и најдов неверојатен пасус кој навистина ја разјаснува оваа тема.

Овде ти, пријателе христијанин, треба да ја имаш отворено својата Библија на Јован поглавје 1. Можеш да кажеш нешто вакво: „Дали би сакал заедно да го погледнеме ова?“ Или „Еве, прочитај го ова:

> Во почетокот беше Словото, и Словото беше со Бога, и Словото беше Бог. Тој [Исус, Зборот] беше со Бога на почетокот. Преку Него [Исус, Словото] Сè стана преку Него и без Него [Исус, Словото] не е соз-дадено ништо што постои. Во Него беше Животот и Животот им беше светлина на луѓето. (Јован 1:1-4)

Потоа прејдете на стих 14 и вашиот пријател исто така нека прочита: „И Словото стана тело и се настани меѓу нас и ја видовме Неговата слава, славата што ја има како Единороден од Таткото, полн со благодат и вистина“ (Јован 1:14).

Запомнете, муслиманите веруваат дека Бог треба само да зборува и да каже: „Биди!“ и нештата се создаваат (К. 3:47). Мора да пронајдете начин да објасните дека Исус е тој израз на Бог, Словото Божјо. Можеби ќе сакате да ги употребите овде Евреите 1:2-3. Тоа го засилува горенаведеното, објаснувајќи дека Исус е отсјај на Божјата слава и одраз на Неговото битие. Така, Исус е одраз на самиот Бог, преку кого Бог прави сè.

Се разбира, овие идеи се нови, па дури и експлозивни во умот на вашиот пријател муслиман. Бидете многу трпеливи додека тој или таа се обидува да излезе од затворот на измамата и се обидува да ги разбере овие револуционерни идеи за Исус кои го одземаат здивот. Молете се Бог да ги отвори очите на нивниот разум за да видат кој навистина е Исус.

Ако можат да го разберат ова, тие исто така ја прифатиле идејата дека Исус е Божји Син, што е најтешкото нешто што еден муслиман може да го прифати.

И запомнете ги зборовите на апостолот Петар: „Зашто сте новородени не од распадливо семе, туку од нераспадливото живо и вечно Божјо слово“ [т.е. преку Исус, Божјото Слово] (1 Петар 1:23).

Молете се Бог да ве води до пријателот муслиман. Нека Бог отвори врата за љубезно да посведочите на него или на неа.

## ИСУС КАКО МИЛОСТ ОД БОГ

Во Куранот постои само еден стих кој се однесува на Исус како „милост“ од Бога. Референцијата Куран 19:21, се јавува кога неименуван ангел ѝ се појавува на Дева Марија во форма на маж кој го објавува раѓањето на нејзиниот син. Таа прашува како е возможно тоа и овие зборови се дел од одговорот: „Господарот Твој рече: „Тоа е лесно за Господарот твој. (Ние) Ќе определам тоа дете да биде знак за луѓето и милост од Наша страна’.“

Пред да навлеземе во ова проучување, работникот треба да го прочита цело прво поглавје од Евангелието по Лука. Овде наоѓаме како Марија и Захарија зборуваат за раѓањето на Исус како милост од Бога.

Пред да ја посети нејзината братучетка, Елисавета, која е мајката на Јован Крстител, изрече голем благослов врз Марија. Марија одговори со прекрасна фалбена песна. Во оваа песна, таа ги кажува овие зборови од Лука 1:50, 54-55: „И Неговата милост од род до род, за оние, кои се бојат од Него... го прифати Израел, Својот слуга да си спомене за милоста, како што им рече на нашите татковци – на Авраама и на неговото Семе, довека“ (нагласено).

Подоцна, по раѓањето на Јован Крстител, неговиот татко Захарија почнува да пее пофалбена песна, запишана во Лука 1:68-79. Нека вашиот пријател муслиман го прочита ова заедно со вас. Вклучува фрази како што се:

> „Благословен е Господ... зашто го посети и го *искупи* Својот народ. И ни издигна рог [симбол  на сила] *спасение* во домот на Својот служител Давид… за да ја projави *милоста* над нашите татковци, и да се сети на Својот свет Завет... за заклетвата со која му се заколна на нашиот татко Авраам... а, ти, младенче [Јован Крстителот] ќе се наречеш пророк на Севишниот, зашто ќе одиш пред Господа [Исус], за да Му ги приготвиш Неговите патишта, за да му дадеш на Неговиот народ да познае *спасение* преку *проштавањето на нивните гревови,* преку *милостивото срце* на нашиот Бог... за да ги осветли оние, кои седат во темнина и во *смртна сенка*, и да ги упати нашите нозе по *патот на мирот“* (нагласено).

Ве молам забележете ги многу значајните зборови кои ја објаснуваат природата на оваа милост што Бог ќе ја покаже преку Исус: „откупен“, „спасение“ (двапати споменато), „проштевање на гревовите“, и „патот на мирот“. За да разбереме зошто овие зборови се толку значајни, мора да имаме на ум одредени универзални вистини за ужасните околности

во врска со човечкиот живот денес. Најпрво, смртта е единствениот голем универзален факт за човекот. Сè започна со нашата прва мајка и прв татко, Адам и Ева.

Во библискиот извештај, што се наоѓа во Битие 2:8-3:19 (ќе биде добро ова сега да го прочитате), откриваме прво дека жената, а потоа и мажот, му биле непослушни на Бог јадејќи од забранетото дрво за познавање на доброто и лошото. „Бог рече: ‘Ако јадеш од ова дрво, навистина ќе умреш’.“ (Битие 2:17). Од овој прв чин на непослушност, кој Библијата го нарекува „грев“, смртта навлезе во светот.

Втората голема универзална вистина е дека сите мажи и жени грешат. На еден или друг начин, сите ние не го исполнуваме стандардот што Бог ни го поставил за да го следиме. Универзалноста на гревот и смртта е спомената во следниве библиски пасуси. Нека вашиот пријател муслиман ги прочита овие пасуси внимателно и темелно:

• „Сите згрешија и лишени се од Божјата слава“ (Рим. 3:23).

• „Платата за гревот е смрт...“ (Рим. 6:23).

• „Затоа, како што гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот – смртта, така смртта помина на сите луѓе, зашто сите згрешија“ (Рим. 5:12).

• „На човекот му е определено да умре еднаш, а потоа суд“ (Евр. 9:27).

Како резултат на универзалноста на смртта и гревот, сите луѓе се во потрага по милост. Сите луѓе копнеат да бидат спасени од смртта и од ужасот на судот што следува. Куранот го нарекува Исус „милост од Бог“. Но не објаснува како Исус е таа милост. Треба да се навратиме на претходните Писма за да откриеме на кој начин Исус е таа милост.

Кога Бог би покажал милост кон нас, како би изгледало тоа? Би било милост од тоа да нѐ спаси од последиците на нашиот грев, сѐ до тоа вистински да ни ги прости гревовите, па дури и да нѐ спаси од копнежот да продолжиме да грешиме. Таквата милост би ја отстранила од нас смртната казна и би ја отворила вратата на вечниот живот во присуство на Бог кој е полн со љубов, кој Себеси се нарекува „наш Татко“, и кој би нѐ нарекол „Негови деца“. Милоста ќе нѐ избави од мрачниот страв на осудата.

Дали Исус беше испратен како милост кон нас за да ги изврши горенаведените работи? Да, затоа Бог Таткото Го испрати. Има два пасуса во првото послание (писмо) на Петар кои ни помагаат да го објасниме ова, 1 Петар 2:24, и 1 Петар 3:18б. Ајде да ги прочитаме:

„Тој Самиот [Исус] во Своето тело ги понесе нашите гревови на дрвото, та ние, умирајќи за гревовите, да живееме за правдата, преку Неговите рани се исцеливте.“ „Зошто и Христос умре еднаш за гре-

вовите, Праведен за неправедните, за да нѐ приведе при Бога.“

Во друго проучување ги читаме Исусовите сопствени зборови: „...за да ја даде Својата душа за откуп на мнозина“ (Матеј 20:28). Зборот „откуп“ значи да се плати цената за некој да се ослободи. Во овој случај, цената беше крвта на Господ Исус Христос пролеана на крстот. Друг збор за ова е „избави“, што значи да се плати цената за некој да се поврати. Тоа е она за што пееше Захарија, „Благословен е Господ... зашто го посети и го избави Својот народ“ (Лука 1:68).

„Исус Христос [Иса ал-Масих] Кој се даде Самиот Себе место нас, за да нѐ избави од секакво беззаконие и да го очисти за Себе сопствениот народ, кој Му припаѓа, кој ревнува за добрите дела“ (Тит 2:13б-14).

Што треба да направиме ние за да бидеме „откупени“ или „избавени“ за да ја примиме Божјата милост? Да веруваме во Господ Исус Христос.

# ИСУС КАКО ПРАВЕДНИК

И тој [Исус] ќе биде меѓу (во друштво на) добрите луѓе.

Куран 3:46б

Јас сум навистина пратеник, од Господарот твој. Да, ќе ти подарам чисто дете [Исус].

Куран 19:19

Овде гледаме два отскочни камења кои нè водат до Исус и понатаму во вечноста.

Една од извонредните работи што ќе ги најдете во муслиманскиот свет е замислата дека Исус бил безгрешен. Тоа нè потсетува на Исусовите зборови во Јован 8:46: „Кој од вас ме обвинува за грев?“

Никој, секако. Ниедна друга личност на земјата не била во можност да даде такво тврдење – да биде целосно без грев. Исус бил олицетворение на чиста праведност.

Додека седите со вашиот пријател муслиман и размислувате заедно за овие нешта, можеби ќе сакате да ги истражите сите димензии на Исусовата праведност:

- Тој беше во исправен (правилен) однос со Господ во текот на целиот Негов живот (Јован 5:19).

- Тој го изврши прекрасниот Божји план да нѐ спаси од нашите гревови, судот и смртта (Јован 19:30, „Се сврши.“).

- Тој беше во правилен однос со целото човештво.

Во Тимотеј 2:3-4, читаме: „Бога, нашиот Спасител... Кој сака сите луѓе да се спасат и да дојдат до познавање на вистината.“ Ова било исполнување на пророштвото дадено пред шестотини години од пророкот Еремија (Еремија 31:3): „...Те љубам со вечна љубов, затоа ти запазив милост.“

- Тој беше во правилен однос со Неговите непријатели: На крстот, Тој се молеше за нивното простување (Лука 23:34): „Татко, прости им, оти не знаат што прават.“

- И тој беше во исправен однос кога станува збор за Сатаната, непријателот на сите нас (Матеј 4:1-11).

Кога дојде Неговото време да оди на крстот, еве што рече Исус: „Не ќе зборувам уште многу со вас, зашто доаѓа кнезот на овој свет, тој нема ништо во Мене, но за да сознае светот дека Јас Го љубам Таткото и дека правам, како што Ми заповеда Мојот Татко!“ (Јован 14:31).

Одамна, преку пророкот Давид, ова пророштво беше дадено во Псалм 45:6-7: „Твојот престол Боже, е до вечни векови, и праведен жезал – е жезал на Твоето Царство! Ти ја љубиш правдата, а го мразиш беззаконието, поради тоа, Господ, Твојот Бог, Тебе те помаза со масло на радоста, како никого од Твоите другари.“

Колку и да изгледа чудно, ова пророштво е за најпознатиот потомок на Давид, Господ Исус Христос. Го знаеме ова, бидејќи писателот на книгата Евреите, под вдахновение на Светиот Дух, го цитира токму ова пророштво и го применува на Божјиот Син. Ве молам погледнете го ова во Евреите 1:8-10, каде што е цитиран Псалм 45:6-7: „А за Синот [Исус, Божјиот Син] Тој вели: ’Твојот престол, Боже, стои во сите векови и жезол на правдата е жезолот на Твоето царство. Ја возљуби правдата, а го замрази беззаконието, затоа, о Боже, Твојот Бог те помаза со масло на радоста, повеќе од Твоите соучесници’.“

Како ова се однесува на нас денес? Па, одговорот е многу темелен. На своето крштевање, Исус му објасни на Својот братучед, пророкот Јован Крстител (Јахја на арапски), кој се побуни дека Исус треба да го крсти него, а не обратно: „Дозволи го сега тоа, зашто така ни прилега да ја исполниме сета правда“ (Матеј 3:15).

Што мислел Исус со ова? На крстот, веднаш пред да умре, Исус извика: „Свршено е!“ (Јован

19:30). Што беше свршено? Сета праведност. Гревот беше откупен со крвта на Исус. Човековата одвоеност од Бог беше надмината и можноста за блискост со Бог беше обновена. 2 Кор, 5:19: „Зашто Бог го измири светот со Себе во Христа.“

Подоцна, во писмото до црквите, апостол Јован напишал (1 Јованово 2:2): „Тој е жртва помирница за нашите гревови, не само за нашите, туку за гревовите на целиот свет.“ Бог бараше совршена, безгрешна жртва. Само Исус, Праведникот, бил квалификуван да ја направи таа жртва.

Апостолот Петар, воден од Светиот Дух, го разбрал ова и во 1 Петрово 3:18 напишал, „...Зашто и Христос умре еднаш за гревовите, Праведен за неправедните, за да нè приведе при Бога“ (додаден нагласок).

Ете ја таа поврзаност помеѓу Исус Христос, Праведникот, и вашиот дом со Бога за цела вечност.

# ЗАВРШЕН ЗБОР

Додека работиме со нашите пријатели муслимани, би било добро да се потсетиме на Исусовото учење во параболата за сејачот и четирите видови почви (Матеј 13:1-9). Верувам дека Исус ја проценувал Својата сопствена служба и ги подготвувал Своите ученици што да очекуваат додека го сеат семето на евангелието на светските полиња.

Ајде да ја погледнеме оваа парабола во поглед на човечките срца:

1. Некои срца ќе бидат закоравени и неприемчиви како бетон. Непријателот ќе го грабне Словото од нивните отпорни срца.
2. Ќе има некои кои со задоволство ќе го примат Словото на почетокот, но нивната вера ќе исчезне пред прогонството.
3. Некои ќе го примат Словото, но преокупираноста со грижите на овој живот и нивната опседнатост со богатството постепено ќе го задуши Словото и тоа нема да донесе никаков плод во нивните животи.
4. Конечно, ќе има луѓе чиишто срца се погодна почва за семето на Божјото Слово. Семето ќе се вкорени, ќе расте и ќе вроди со плод според квалитетот на почвата.

Додека Исус се подготвувал да замине од овој свет, Тој ги подготвувал Своите ученици за реалноста на она што ќе го најдат во нивните напори да ја шират добрата вест за Царството Божјо. Тој во суштина кажувал: „Ќе биде на овој начин.“

Пријатели, има голема утеха во ова. Не треба да бидеме изненадени од различните резултати на нашиот напор да го посееме Божјото Слово. Не треба да се обвинувате за одлуките што другите ги преземаат кога се оддалечуваат од Евангелието од која било причина. Да, ние може да жалиме за нив, исто како што и Исус жалеше за градот Ерусалим, но наша работа е да продолжиме и да ја најдеме „добрата почва“, односно оние со приемчиво срце.

На крајот на краиштата, ова е Исусова битка, а Тој е Оној кој рече: „Ќе ја изградам Мојата црква, и портите на пеколот нема да надвладеат наспроти неа“ (Матеј 16:18).

БИБЛИОГРАФСКИ РЕФЕРЕНЦИ

Badawi, Jamal. Muhammad in the Bible. [Publication information

unconfirmed, possibly Halifax, NS: Islamic

Information Foundation], 1982.

James, M.R. translator. The Apocryphal Gospels. Oxford:

Clarendon Press, 1986. (p 49)

Khalidi, Tarif, translator. The Quran: A New Translation.

New York: Viking, 2008 (p. 169)

McCurry, Don. Healing the Broken Family of Abraham: New

Life for Muslims, Second Edition. Colorado Springs:

Ministries to Muslims, 2011

McCurry, Don. Tales That Teach. Colorado Springs: Ministries

to Muslims, 2009.

Nurbakhsh, Javad. Jesus in the Eyes of the Sufis. London:

Khanihai-Nimatullahi Publications, 1992.

Parrinder, Geoffrey. Jesus in the Quran. Oxford: Oneworld

Publications, 2003. (p. 16)

Schwartz, Stephen. The Other Islam: Sufism and the Road to

Global Harmony. New York: Doubleday Pubs., 2008.

(p. 24)

Shakir, M.H., translator. The Quran. Elmhurst, NY: Tahrike

Tarsal Qur’an, Inc., 1999.

The Holy Quran: English Translation of the Meanings and

Commentary. Medina: King Fahd Holy Quran Printing

Complex, 1985, revision of the A. Yusuf Ali translation."

# РЕФЕРЕНЦИ ОД КУРАНОТ

Куран 2:87. . . . . . . . . . . . . . . . 20, 69

Куран 2:89. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

Куран 2:97. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

Куран 2:101. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

Куран 2:136. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

Куран 2:253. . . . . . . . . . . . . . . . . . 20

Куран 3 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9

Куран 3:3 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

Куран 3:42-47 . . . . . . . . . . . . . . . . 16

Куран 3:45 . . . 35, 93, 100, 103, 108

Куран 3:46b . . . . . . . . . . . . . . . . . 115

Куран 3:47 . . . . . . . . . . . . . . . 21, 109

Куран 3:49. . . . . . . . . . . . . 46, 49, 99

Куран 3:50. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 81

Куран 3:59. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 89

Куран 3:81. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

Куран 3:84. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51

Куран 3:93. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

Куран 4:47. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

Куран 4:157. . . . . . . . . . . . . . 24, 25

Куран 4:158. . . . . . . . . . . . . . . . . . 31

Куран 4:171 . . . . . . . . . . 93, 100, 108

Куран 4:172. . . . . . . . . . . . . . . . . . 81

Куран 5 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9, 78

Куран 5:17. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 93

Куран 5:46. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 81

Куран 5:47. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

Куран 5:48. . . . . . . . . . . . . 6, 57, 99

Куран 5:66. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

Куран 5:68. . . . . . . . . . . . . . . 6, 103

Куран 5:110 . . . . . . . . 46, 49, 53, 99

Куран 5:112-115. . . . . . . . . . . . . . 77

Куран 5:117 . . . . . . . . . . . . . . . . . . 65

Куран 6:34. . . . . . . . . . . . 17, 25, 90

Куран 6:101 . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15

Куран 6:109. . . . . . . . . . . . . . . . . . 49

Куран 10:20. . . . . . . . . . . . . . . . . . 49

Куран 10:37 . . . . . . . . . . . . 6, 25, 90

Куран 10:54 . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51

Куран 10:64. . . . . . . . . . . . . . . . 6, 17

Куран 10:94 . . . . . 6, 11, 25, 90, 109

Куран 13:7. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 49

Куран 17:59. . . . . . . . . . . . . . . . . . 49

Куран 17:85. . . . . . . . . . . . . . . . . . 20

Куран 19 . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9, 16

Куран 19:15. . . . . . . . . . . . . . . . . . 24

Куран 19:16-29 . . . . . . . . . . . . . . 16

Куран 19:19 . . . . . . . . . . . . . . . . . 115

Куран 19:21 . . . . . . . . . . . . . . . . . 111

Куран 19:30 . . . . . . . . . . . 57, 73, 81

Куран 19:33. . . . . . . . . . . . . . . 23, 24

Куран 21:91 . . . . . . . . . . . . . . . . . . 61

Куран 29:46. . . . . . . . . . . . . . . . . . 49

Куран 37:100-113. . . . . . . . . . . . . 27

Куран 37:102. . . . . . . . . . . . . . . . . 27

Куран 37:107. . . . . . . . . . . . . . . . . 45

Куран 43:59. . . . . . . . . . . . . . . . . . 85

Куран 43:61. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 39

Куран 46:12. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

Куран 57:27. . . . . . . . . . . . . 6, 69, 73

Куран 70:4. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20

Куран 78:38. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20

Куран 89:21-23 . . . . . . . . . . . . . . . 39

## БИБЛИСКИ РЕФЕРЕНЦИ

### СТАРА ЗАВЕТ

Битие

Битие 2:7 . . . . . . . . . . . . . . . . . .89

Битие 2:8-3:19 . . . . . . . . . . . . .112

Битие 2:17 . . . . . . . . . . . . .79, 112

Битие 21:12 . . . . . . . . . . . . . . . .28

Битие 22:1-18 . . . . . . . . . . . . . . .27

Битие 22:16-18 . . . . . . . . . . . . . .27

Излез

Излез 4:6-7 . . . . . . . . . . . . . . . . .50

Левитска

Левитска 13:45-46 . . . . . . . . . . . .49

Левитска 14:1-32 . . . . . . . . . . . . .50

Броеви

Броеви 29:7-11 . . . . . . . . . . . . . .82

Повтроени закони

Повтроени закони 6:5 . . . . . . . . . . . .58

Повтроени закони 18:18 . . . . . . . . . .45

Повтроени закони 32:6 . . . . . . . .54, 70

Повтроени закони 32:6b . . . . . . . . . .65

Псалми

Псалми 2:9 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .32

Псалми 16:11 . . . . . . . . . . . . . . . . . .41

Псалми 41:9 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .59

Псалми 45:6-7 . . . . . . . . . . . . . . . .116

Поговорки

Поговорки 8:23, 30 . . . . . . . . . . . .101

Исаија

Исаија 9:6-7 . . . . . . . . . . . . . . . . . .36

Исаија 29:18 . . . . . . . . . . . . . . . . . .47

Исаија 35:5 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .47

Исаија 42:7 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .47

Исаија 52:13-53:12 . . . . . . . . .33, 82

Исаија 53 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .59

Исаија 53:3 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .83

Исаија 53:5 . . . . . . . . . . . . . . .51, 83

Исаија 53:7 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .83

Исаија 53:9 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .83

Исаија 53:11 . . . . . . . . . . . . . . . . . .83

Исаија 53:12 . . . . . . . . . . . . . . . . . .33

Исаија 53:14 . . . . . . . . . . . . . . . . . .82

Еремија

Еремија 23:29 . . . . . . . . . . . . . . .26

Еремија 31:3 . . . . . . . . . . . . . . .116

Езекиел

Езекиел 18:4 . . . . . . . . . . . . . . . . .79

Захарија

Захарија 9:9 . . . . . . . . . . . . . . .36

Нов Завет

Матеј

Матеј 1:1 . . . . . . . . . . . . . . . . .27

Матеј 1:21 . . . . . . .10, 12, 16, 62

Матеј 1:23 . . . . . . . . . . . . . . . .10

Матеј 3:15 . . . . . . . . . . . . . . .117

Матеј 3:16-17 . . . . . . . . . . . . . .20

Матеј 3:17 . . . . . . . . . . . . . . . .47

Матеј 4:1-11 . . . . . . . . . . . . .116

Матеј 4:23 . . . . . . . . . . . . . . . .74

Матеј 5:17 . . . . . . . . . . . . . . . .81

Матеј 6:9 . . . . . . . . . . . . . . . . .21

Матеј 6:33 . . . . . . . . . . . . . . . .74

Матеј 8:2-3 . . . . . . . . . . . . . . . .66

Матеј 8:3 . . . . . . . . . . . . . . . . .51

Матеј 8:16 . . . . . . . . . . . .66, 74

Матеј 9:27-31 . . . . . . . . . . . . . .46

Матеј 11:28-30 . . . . . . . . . .34, 85

Матеј 12:28 . . . . . . . . . . . . . . .21

Матеј 13:1-9, 18-23 . . . . . . . .119

Матеј 14:13-21 . . . . . . . . . . . . .66

Матеј 16:15 . . . . . . . . . . . . . . .94

Матеј 16:16 . . . . . . . . . . . . . . .95

Матеј 16:17 . . . . . . . . . . . . . . .95

Матеј 16:18 . . . . . . . . . . . . . .120

Матеј 20:17-19 . . . . . . . . . . . . .59

Матеј 20:28 . . . . . . . . . . . . . . .114

Матеј 20:30-34 . . . . . . . . . . . . .46

Матеј 21:43 . . . . . . . . . . . . . . .58

Матеј 22:37 . . . . . . . . . . . . . . .58

Матеј 24:2 . . . . . . . . . . . . . . . .58

Матеј 24:27-31 . . . . . . . . . . . . .40

Матеј 26-28 . . . . . . . . . . . . . . .75

Матеј 26:2, 21 . . . . . . . . . . . . .75

Матеј 26:26-28 . . . . . . . . . . . . .75

Матеј 26:26-29 . . . . . . . . . . . . .78

Матеј 26:47-28:15 . . . . . . . . . .59

Матеј 27:54 . . . . . . . . . . . . . . .96

Матеј 28:18-20 . . . . . . . . . . . . .76

Марко

Марко 1:15 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .74

Марко 8:22-26 . . . . . . . . . . . . . . . . .46

Марко 10:13-16 . . . . . . . . . . . . . . . .66

Марко 10:29-30 . . . . . . . . . . . . . . . .67

Марко 10:45 . . . . . . . . . . . . . . . . . .82

Марко 10:46-52 . . . . . . . . . . . . . . . .46

Марко 14:61-62 . . . . . . . . . . . . . . . .75

Марко 16:19 . . . . . . . . . . . . . . .31, 32

Лука

Лука 1 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .111

Лука 1:26-38 . . . . . . . . . . . . . . . . .16

Лука 1:32-33 . . . . . . . . . . . . . . . . .17

Лука 1:46-55 . . . . . . . . . . . . . . . . .17

Лука 1:50, 54-55 . . . . . . . . . . . . . .111

Лука 1:68 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .114

Лука 1:68-79 . . . . . . . . . . . . . . . .111

Лука 2:10-11 . . . . . . . . . . . . . .74, 94

Лука 2:10-11a . . . . . . . . . . . . . . . .61

Лука 2:14 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .23

Лука 6:27 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .58

Лука 19:10 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .62

Лука 19:28-38 . . . . . . . . . . . . . . . .37

Лука 22:69 . . . . . . . . . . . . . . . . . .32

Лука 23:34 . . . . . . . . . . . . . . .67, 116

Лука 24:1-26 . . . . . . . . . . . . . . . . .59

Лука 24:46-47 . . . . . . . . . . . . . . . .96

Лука 24:50-52 . . . . . . . . . . . . . . . .31

Јован

Јован 1:1 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .100

Јован 1:3 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .100

Јован 1:1-3, 14 . . . . . . . . . . . . . . .100

Јован 1:1-4 . . . . . . . . . . . . . . . . . .109

Јован 1:12-13 . . . . . . . . . . . . . . . . .72

Јован 1:14 . . . . . . . . . . . . .71, 90, 109

Јован 1:18 . . . . . . . . . . . . . . . .71, 105

Јован 1:29 . . . . . . . . . . . . .32, 63, 82

Јован 1:43-51 . . . . . . . . . . . . . . . . .94

Јован 2:1-11 . . . . . . . . . . . . . . . . .101

Јован 3:5 . . . . . . . . . . . . . . . . . .19, 21

Јован 3:16 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .84

Јован 3:16-21 . . . . . . . . . . . . . . . . .40

Јован 5:19 . . . . . . . . . . . . . . . .66, 115

Јован 5:23b . . . . . . . . . . . . . . . . . .105

Јован 5:24 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .92

Јован 5:24b . . . . . . . . . . . . . . . . . .86

Јован 6:1-15 . . . . . . . . . . . . . . . . .101

Јован 6:30-31 . . . . . . . . . . . . . . . . .78

Јован 6:33 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .78

Јован 6:38 . . . . . . . . . . . . . . . . .54, 91

Јован 6:38-40 . . . . . . . . . . . . . . . . .70

Јован 6:51 . . . . . . . . . . . . . . . . .78, 91

Јован 7:7 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .66

Јован 7:16 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .57

Јован 7:28b-29 . . . . . . . . . . . . . . . .91

Јован 8:3-11 . . . . . . . . . . . . . . . . . .67

Јован 8:12 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .41

Јован 8:18 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .65

Јован 8:23 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .91

Јован 8:26 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .57

Јован 8:42 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .91

Јован 8:46 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .115

Јован 9:1-33 . . . . . . . . . . . . . . . . . .66

Јован 9:1-41 . . . . . . . . . . . . . . . . . .46

Јован 9:3 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .47

Јован 9:5 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .47

Јован 9:17 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .47

Јован 9:33 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .47

Јован 9:35-38 . . . . . . . . . . . . . . . . .47

Јован 9:38 . . . . . . . . . . . . . . . . .47, 95

Јован 10:17-18 . . . . . . . . . . . . . . . .25

Јован 10:30 . . . . . . . .47, 54, 100, 104

Јован 10:38 . . . . . . . . . . . . . . . . . .100

Јован 11:1-44 . . . . . . . . . . . . . .53, 66

Јован 11:4 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .54

Јован 11:25-26 . . . . . . . . . . . . . . . .29

Јован 11:27 . . . . . . . . . . . . .53, 54, 95

Јован 12:32-33 . . . . . . . . . . . . .61, 62

Јован 12:32 . . . . . . . . . . . . . . . . . .35

Јован 12:49-50 . . . . . . . . . . . . . . . .65

Јован 13:1-17 . . . . . . . . . . . . . . . . .87

Јован 13:5 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .67

Јован 13:14-15 . . . . . . . . . . . . . . . .87

Јован 14:6 . . . . . . . . . . . . . . . . .2, 78

Јован 14:9 . . . . . . . . . . . . .47, 54, 100

Јован 14:9b-11 . . . . . . . . . . . . . . .104

Јован 14:15-17a . . . . . . . . . . . . . . .59

Јован 14:26 . . . . . . . . . . . . . . . . . .19

Јован 14:27 . . . . . . . . . . . . . . . . . .23

Јован 14:30-31 . . . . . . . . . . . . . . .116

Јован 16:13 . . . . . . . . . . . . . . . . . .19

Јован 16:28 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .91

Јован 17 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .104

Јован 17:3 . . . . . . . . . . . . . . . . . .85, 91

Јован 17:4-5 . . . . . . . . . . . . . . . . .104

Јован 17:20-21а . . . . . . . . . . . . . .104

Јован 17:20-26 . . . . . . . . . . . . . . . .75

Јован 17:24 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .91

Јован 18-21 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .25

Јован 18:36 . . . . . . . . . . . . . . . .74, 86

Јован 18:37 . . . . . . . . . . . . . . . . . .37

Јован 19:16-30 . . . . . . . . . . . . . . . .37

Јован 19:1-20:31 . . . . . . . . . . . . . . .83

Јован 19:30 . . . . . . . . . . . . . .115, 117

Јован 19:34 . . . . . . . . . . . . . . . . . .25

Јован 20 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .37

Јован 20:19, 21 . . . . . . . . . . . . . . . .24

Јован 20:31 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .84

Дела

Дела 1:1-11 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .37

Дела 1:8 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .19

Дела 1:9-11 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .31

Дела 2:1-41 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .60

Дела 2:36 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .25

Дела 2:38 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .22

Дела 3:22 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .45

Дела 7:37 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .45

Дела 7:52 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .25

Дела 10:38 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .21

Дела 17:31 . . . . . . . . . . . . . . . . . . .40

Римјани

Римјани 3:23 . . . . . . . . . . . . . . . .112

Римјани 5:12 . . . . . . . . . . . . . . . .113

Римјани 6:23 . . . .68, 71, 78, 79, 113

Римјани 8:2 . . . . . . . . . . . . . . . . . .19

Римјани 8:6 . . . . . . . . . . . . . . . . . .19

Римјани 8:14 . . . . . . . . . . . . . . . . .19

Римјани 8:34 . . . . . . . . . . . . . . . . .33

1 Коринтјани

1 Коринтјани 3:16 . . . . . . . . . . . .21

1 Коринтјани 11:23-30 . . . . . . . . .79

1 Коринтјани 11:26 . . . . . . . . .75, 79

1 Коринтјани 15:2-4 . . . . . . . . . . .75

1 Коринтјани 15:3-4 . . . . . . . . . . .23

1 Коринтјани 15:3b-4 . . . . . . . . . .29

1 Коринтјани 15:21-22 . . . . . . . . .29

1 Коринтјани 15:42-49 . . . . . . . . .89

2 Коринтјани

2 Коринтјани 3:6 . . . . . . . . . .19, 86

2 Коринтјани 5:17 . . . . . . . . . . . .102

2 Коринтјани 5:19 . . . . . . . . . . . .117

2 Коринтјани 5:21 . . . . . . . . . .63, 92

2 Коринтјани 6:17-18 . . . . . . . . . .21

Галатјани

Галатјани 3:5 . . . . . . . . . . . . . . . . .21

Галатјани 3:14 . . . . . . . . . . . . . . . .21

Галатјани 3:16 . . . . . . . . . . . . . . . .28

Галатјани 5:22 . . . . . . . . . . . . . . . .19

Ефесјани

Ефесјани 1:13 . . . . . . . . . . . . . . .21

Ефесјани 4:30 . . . . . . . . . . . . . . .21

Филипјани

Филипјани 2:6-11 . . . . . . . . . . . . .84

Филипјани 3:20-21 . . . . . . . . . . . .41

Колосјани

Колосјани 1:16 . . . . . . . . . . . . . .101

1 Тимотеј

1 Тимотеј 1:15 . . . . . . . . . . . . . . .62

1 Тимотеј 2:3-4 . . . . . . . . . . . . . .115

2 Тимотеј

2 Тимотеј 1:10 . . . . . . . . . . . . . . .76

2 Тимотеј 2:23-26 . . . . . . . . . . . .107

Тит

Тит 2:13-14 . . . . . . . . . . . . . . .114

Евреи

Евреи 1:1-3а . . . . . . . . . . . . . .101

Евреи 1:2-3 . . . . . . . . . . . . . . .109

Евреи 1:2-3а . . . . . . . . . . . . . .105

Евреи 1:3 . . . . . . . . . . . . . .70, 90

Евреи 1:8-10 . . . . . . . . . . . . .116

Евреи 4:12 . . . . . . . . . . . . . . . . .1

Евреи 7:24-25 . . . . . . . . . . . . . .33

Евреи 9:27 . . . . . . . . . . . . . . .113

Евреи 11:17-19 . . . . . . . . . . . . .28

Евреи 12:2-3 . . . . . . . . . . . . . . .87

Евреи 12:28 . . . . . . . . . . . . . . .74

1 Петар

1 Петар 1:18-19 . . . . . . . . . . . . . . .68

1 Петар 1:23 . . . . . . . . . . . . . . . . . .110

1 Петар 2:21 . . . . . . . . . . . . . . . . . .86

1 Петар 2:24 . . . . . . . . . . . . . . . . . .113

1 Петар 2:24а . . . . . . . . . . . . . . . . .63

1 Петар 3:18 . . . . . . . . . . . . . . . . . .117

1 Петар 3:18а . . . . . . . . . . . . . . . .113

2 Петар

2 Петар 3:12-13 . . . . . . . . . . . . . . .39

2 Петар 3:13 . . . . . . . . . . . . . . . . .102

1 Јован

1 Јован 2:2 . . . . . . . . . . . . . . .71, 117

1 Јован 2:16 . . . . . . . . . . . . . . . . . .66

1 Јован 2:17 . . . . . . . . . . . . . . . . . .74

1 Јован 4:8, 16 . . . . . . . . . . . . .66, 71

1 Јован 4:9-10, 14-17 . . . . . . . . . . .67

1 Јован 4:18 . . . . . . . . . . . . . . . . . .22

1 Јован 5:11-13 . . . . . . . . . . . . . . . .42

Откровение

Откровение 1:4-6 . . . . . . . . . . . . . .68

Откровение 5:6-9 . . . . . . . . . . . . . .63

Откровение 5:6а . . . . . . . . . . . . . . .32

Откровение 5:13 . . . . . . . . . . . . . .105

Откровение 19:11, 13, 16 . . . . . . . .37

Откровение 21:3-4 . . . . . . . . . . . . .42

Откровение 21:5 . . . . . . . . . . . . . .102